ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ

# „МЕРКИ, ПОЛИТИКИ И ПРОЕКТИ ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПЧЕЛАРСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“

02 2019 03 02



Скопје, март 2020 година

# С О Д Р Ж И Н А


| | Страна |
|---|---|
| Резиме | 1- 4 |
| Основни податоци | 5 - 15 |
| Цел, опфат и методологија на ревизијата | 16 - 18 |
| Ревизорски наоди | 19 - 56 |
| Заклучок | 57 |
| Препораки | 58 - 62 |

Прилог број 1 – Преглед на подзаконски акти со кои се уредува областа на пчеларството, пчелата и медот

Прилог број 2 – Дел од третиот национален план за климатски промени од декември 2013 година со наслов – други релевантни податоци – системски набљудувања

Прилог број 3 – Информација за состојбата на Управата за хидрометеоролошки работи испратена до Владата на РСМ

Прилог број 4 – Податоци кои е добро да ги знаеме

Прилог – Забелешки по Нацрт Извештај

Прилог – Одговор на забелешки по Нацрт Извештај

Кратенки користени во извештајот:

РСМ – Република Северна Македонија
РМ – Република Македонија
МЗШВ – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
МЖСПП – Министерство за животна средина и просторно планирање
АХВ – Агенција за храна и ветеринарство
АФПЗРР – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој
ДИЗ – Државен инспекторат за земјоделство
ФУ – Фитосанитарна Управа
УКИМ – Универзитет Свети Кирил и Методиј
ФВМ – Факултет за ветеринарна медицина
ФЗНХ – Факултет за земјоделски науки и храна
УХМР – Управа за хидрометеоролошки работи
ЗЗРР – Закон за земјоделство и рурален развој
НСЗРР – Национална стратегија за развој на земјоделството и рурален развој
НПРЗЗ – Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој
ЗОПОД – Заедничка основна програма за одгледување добиток
ЗОПОП – Заедничка основна програма за одгледување пчели
ЕУ – Европска унија
UNFCCC – United Nations Framework Convention on Climate Change
ЕРЗС – Единствен регистар на земјоделските стопанства
ДЗС – Државен завод за статистика
ИСАХВ – Информационен систем на Агенција за храна и ветеринарство

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 10-219/16
**Датум:** 13.04.2020

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## РЕЗИМЕ

Извршивме ревизија на успешност на тема „Мерки, политики и проекти за заштита и унапредување на пчеларството во Република Северна Македонија„ со цел да се даде одговор на прашањето „Дали донесените мерки и политики за пчеларството во Република Северна Македонија се ефективни и обезбедуваат негов развој и напредок“?.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2019 година.

### Заклучок

Донесената законска, подзаконска регулатива, стратешки документи, во областите на земјоделството, сточарството, безбедноста на храна, ветеринарното здравство, ја уредува и дејноста пчеларството, за која постои потреба од континуирана реализација на утврдените стратешки мерки и политики и законски определените обврски на повеќе надлежни институции. Имајќи во предвид дека:

- не е извршено усогласување на податоците за бројот на пчелни семејства помеѓу надлежните институции;
- не е изработен Катастар на пчелни пасишта;
- утврдивме отсуство на точни и прецизни податоци за планираните, програмски определените износи на средства со реализираните во текот на годината;
- високо е учеството на неподмирени обврски од претходни години во програмите;
- не се спроведени истражувања и анализи за негативното влијание на климатските промени врз пчеларството;
- не се врши континуирано следење на болестите на пчелата и нивно соодветно третирање и сузбивање и
- не се извршени инспекциски контроли во подолг временски период во одгледувалиштата на пчели од страна на официјалните ветеринари од АХВ и за начинот на употребата на производите кои се означени за опасни за пчелите, од страна на фитосанитарни инспектори од ДИЗ,

констатиравме потреба од зајакнување на активностите за координирано дејствување на надлежните институции, со активно вклучување на одгледувачите на пчели, со цел зголемување на ефективноста на мерките и политиките во насока на развој и напредок на пчеларството во РСМ, како значајна гранка од земјоделското производство и нејзино интензивирање на ниво на професионална дејност.

Периодот кој беше опфатен со ревизијата на успешност е од 2016 до 2018 година, иако одредени области, прашања и настани се опфатени пред 2016 година и последователно до денот на известување од извршената ревизија.

Ревизорските активности спроведени во субјектите опфатени со ревизијата беа насочени кон следниве области:

- Законска и подзаконска регулатива и стратешки документи;
- Мерки за пчеларството содржани во Годишните програми за финансиска поддршка во земјоделството и Годишните програми за финансиска поддршка на руралниот развој и
- Климатските промени, болестите и пестицидите и нивното влијание врз пчелата и медот.

Со извршената ревизија и целокупниот опфат и доказите кои ги обезбедивме со спроведените техники и методологија, ни дадоа основа да утврдиме повеќе состојби, кои влијаат на ефикасноста на мерките и политиките за развој и напредок на пчеларството во РСМ и тоа во следните области:

**Законска и подзаконска регулатива и стратешки документи**

Во однос на областа која се однесува на постоечките законски, подзаконски и стратешки документи за уредување на областа на пчеларството во РСМ, ги утврдивме следните состојби:

- не се донесени сите стратешки, плански и програмски документи, предвидени во законската регулатива, особено Национална програма за пчеларство;
- не се преземени целосни мерки и активности за следење на спроведувањето на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2014-2020 на начин и со динамика утврдени во самата стратегија;
- не се реализираат стратешки утврдените мерки и активности за превенирање и здравствена заштита на пчелите;
- не е изработен катастар на пчелни пасишта, освен донесениот Правилник за подеталните критериуми за катастарот на пчелните пасишта и пчеларскиот ред за испаша;
- општи одредби во Законот за сточарство за поимите катастар на пчелните пасишта, ред за испаша, како и не издвојување на пчелата од останатиот добиток, земајќи ги предвид нејзините биолошки карактеристики и особености;
- не уредување на начините на одгледување на пчелите во стационарен пчеларник и во селидбен пчеларник;

- не уредување на селидбеното пчеларство и не пропишување на условите и начинот на селење на пчелните семејства;
- не навремена реализација на утврдените политики кои се однесуваат на развој на пазарот за медот;
- не навремено воспоставување на Регистарот на примарни производители со мед и негово не поврзување со регистарот на земјоделски стопанства воспоставен во МЗШВ;
- законски определена обврска за вршење попис на пчелни семејства од страна на самите пчелари и не определување на средство за идентификација на пчелно семејство;
- голема разлика во бројот на пчелни семејства според податоците на АХВ во однос на податоците во ДЗС и не преземени мерки и активности за намалување на разликите и утврдување на точниот број на пчелни семејства;
- не спроведување на задолжителни инспекциски контроли кај одгледувалиштата на пчели од страна на АХВ; и
- не донесениот акт за уредување на видот на податоците, рокот и начинот на нивно доставување, придонесува МЗШВ и Владата на РСМ да не располагаат со целосни, навремени односно квалитетни расположливи податоци, потребни за пореално планирање, следење на спроведувањето и процена на влијанието на мерките и инструментите врз законски определените цели на националната земјоделска политика од областа на пчеларството.

**Мерки за пчеларството содржани во Годишните програми за финансиска поддршка во земјоделството и Годишните програми за финансиска поддршка на руралниот развој**

Во однос на наведената област која се однесува на мерките содржани во годишните програми на надлежните институции, ги утврдивме следните состојби:

- чести измени и дополнувања и голема разлика помеѓу износите и структурата на средствата определени во првично донесената и усвоена годишна програма за финансиска поддршка во земјоделството и износите на средствата во програмата на крајот на годината;
- отсуство на податоци за поединечни програмски определени и на годишно ниво планирани износи на средства за двете подмерки за пчеларството (директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство и дополнителни директни плаќања за пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици); и
- високо учеството на износите на име неподмирени обврски од претходни години, во вкупно планираните годишни финансиски средства за реализација на програмата за финансиска поддршка во земјоделството, без податоци за нивната старосна структура по години и износи по мерки и подмерки;
- ненавремено донесување на решенијата за одобрување на финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и ненавремена исплата на корисниците на кои им е одобрена истата како и необјавени јавни повици за прибирање на барања

по основ на донесените Годишни програми за финансиска поддршка во руралниот развој за 2017 и 2018 година.

**Климатски промени, болести и пестициди и нивното влијание врз пчелата и медот**

Во однос на областа која се однесува на климатските промени, болестите и примената на пестицидите и нивното влијание врз пчеларството, ги утврдивме следните состојби:

- Националната листа на одобрени производи и активни супстанции и Листата Анекс 1 на Европската комисија не се објавува во Службен весник на РСМ;
- не се врши размена на информации помеѓу Фитосанитарна управа и релевантни регионални и меѓународни институции, а се однесуваат на производите за заштита на растенијата и активните супстанци кои се одобрени, односно забранети за користење;
- не е донесен подзаконски акт со кој ќе се пропише содржината на известувањето кое треба да го извршат физичките и правни лица кои вршат третирање на производите на отворено со производи кои се штетни за пчелите, општите мерки за заштита на пчелите и начинот на земањето на примерок за анализа;
- не е вршен инспекциски надзор за начинот на употребата на производи штетни за пчелите; и
- не е назначена Национална референтна лабораторија која ќе врши лабораториски испитувања за потребите на АХВ од областа на здравствената заштита на животните, безбедноста на храна и ветеринарното јавно здравство.

За надминување на утврдените состојби дадовме препораки на надлежните институции, со цел воспоставување на ефективни мерки и политики за развој и унапредување на пчеларството во РСМ.

Од страна на раководните лица на Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенција за храна и ветеринарство, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Државен инспекторат за земјоделство добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека поголем дел претставуваат образложенија за причините за констатираните состојби, една забелешка се прифаќа заради допрецизирање на состојбата во дадената препорака и дел се образложенија за преземени активности по дадените препораки, кои соодветно се обелоденети во Конечниот извештај на овластениот ревизор.

# I. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

## 1. Вовед

Во нашата земја пчеларството се практикува од дамнешни времиња, а автохтона заштитена раса е медоносна пчела/пчели Apis melifera macedonica. Денес, пчеларството како гранка од земјоделството има големо економско значење кое се согледува преку вредноста на пчелните производи (мед, восок, полен, прополис, матичен млеч и пчелин отров), но и преку вредноста на зголемените приноси од земјоделските култури кои произлегуваат од учеството на пчелите во процесот на нивното опрашување, кое е неколку пати поголемо од вкупната вредност на сите пчелни производи.

Пчеларството има големо значење за делови од руралната економија, особено ридско-планинските подрачја со ограничени алтернативи за земјоделски и други економски активности.

Условите во РСМ овозможуваат понатамошен развој на оваа гранка од земјоделското производство и негово интензивирање, преку зголемување на бројот на пчелните семејства и приносите што треба да резултира со поголемо производство на мед во однос на изминатиот период.

Заради постигнување на наведеното, најнапред е неопходно да се промени структурата на пчеларските стопанства со поместување на што поголем дел од производителите од ниво на хоби кон пчеларење на ниво на професионализација.

Надворешните услови се значајни и влијаат врз медоносната пчела бидејќи, истата е активна по убаво и сончево време, а ја намалува својата активност во услови на ладно, дождливо, магловито и ветровито време. На високи температури се намалува бројот на работничките надвор од кошницата, бидејќи се ангажираат за регулирање на микроклимата во кошницата. Пчелата работничка лета надвор од кошницата кога надворешната температура на воздухот е над 12 степени целзиусови и нивниот број се зголемува до температура од околу 32 степени целзиусови. Ладното време ја намалува активноста на пчелата на отворено. Ветерот неповолно делува на излетот на пчелата, бидејќи тие по ветровито време трошат повеќе енергија за летање. По лошо време пчелите ја скратуваат дестинацијата до која лета во потрага по храна и се концентрираат на барање на храна и на билките во близина на кошницата.

Водата е многу важна за пчелата и им служи како универзален растворувач на храната и е неопходна за одржување на микро климатските услови во кошницата особено во летен период.

Во таа насока потребно е да се поддржуваат инвестициите на земјоделските стопанства кои сакаат да го надградат и прошират обемот на нивното производство. Обновувањето и надоместувањето на пчелниот фонд се поддржува со кофинансирање на набавка на матици и роеви од регистрирано одгледувалиште, со акцент на селекционирани пчелни матици и пчелни роеви од контролиран генетски материјал кој потекнува од автохтониот подвид пчели на медоносни пчели (Apis mellifera macedonica).

Овие автохтони подвидови најлесно се справуваат со предизвиците од животната средина и стрес факторите. Намалувањето на загубата на бројот на пчелни семејства треба да се превенира и со подобрување на здравствената заштита на пчелите.

Перспективно, напорите во пчеларството треба да бидат насочени кон зголемување на производството на монофлорен мед[1] и зајакнување на капацитетите за негово докажување.

## 2. Законска и подзаконска регулатива и стратешки документи

2.1. Уредувањето на областа на пчеларството, пчелата и медот е пропишано со повеќе законски акти од кои како позначајни се:

- Закон за сточарство;
- Закон за земјоделство и рурален развој;
- Закон за животната средина;
- Закон за безбедност на храна;
- Закон за ветеринарно здравство;
- Закон за ветеринарно медицински препарати;
- Закон за идентификација и регистрација на животните;
- Закон за квалитет на земјоделските производи;
- Закон за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој;
- Закон за производи за заштита на растенијата;
- Закон за хидрометеоролошка дејност;
- Законот за шумите;
- Законот за земјоделското земјиште; и
- Закон за државната статистика.

Врз основа на наведената законска регулатива донесени се повеќе подзаконски акти поврзани со пчеларството, детално наведени во Прилог број 1 кон овој извештај. Освен во наведените законски акти, одредени мерки и политики за пчеларството содржани се во **Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2014-2020 година**. Истата е втор стратешки документ од овој тип после **Националната стратегија за земјоделство и руралниот развој за периодот 2007-2013 година**, документ кој преставува основа за повторно воведување на сериозни и организирани политики во земјоделството и руралниот развој.

Сточарството како многу значајна земјоделска гранка во светот е поделено на повеќе подгрупи, во кои спаѓа и пчеларството. Во РСМ сточарството е регулирано со **Законот за сточарството**[2] кој се однесува на држење и одгледување на домашните животни, и тоа: копитари, говеда, биволи, свињи, овци, кози, живина, медоносни пчели, како и на други видови животни кои се стопанско корисни. За спроведувањето на целите на овој закон Владата на РСМ, на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство носи Заедничка основна програма за одгледување на добиток за период од десет години. Исто така

[1] мед добиен од само еден вид билка на пример од багрем
[2] „Службен весник на Република Македонија " број 7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16

составен дел на оваа програма е Заедничката основна програма за одгледување на медоносни пчели.

Со **Законот за земјоделство и рурален развој**[3] меѓу другото се уредува и планирањето на развојот на земјоделството и руралниот развој, целите на националната земјоделска политика, планирање, следење и процена на националната земјоделска политика, мерките за уредување и поддршка на земјоделски пазари, како и директни плаќања и рурален развој.
Целите на националната земјоделската политика на РСМ се остваруваат преку мерки и инструменти на политиките за уредување и поддршка на земјоделски пазари, директни плаќања и рурален развој.

Заради стабилизирање на концентрациите на стакленичките гасови, на ниво со коешто би се спречило опасното антропогено влијание во климатскиот систем во временска рамка доволна за да им се овозможи на екосистемите природно да се адаптираат на климатските промени, во согласност со начелото за меѓународна соработка, како и во согласност со целите на националниот социјален и економски развој, врз основ на **Законот за животната средина**[4] се донесува Национален план за климатските промени. Со овој закон меѓу другото се уредуваат правата и должностите на РСМ, во обезбедувањето услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

Целта на **Законот за безбедност на храната**[5] е да обезбеди високо ниво на заштита на здравјето на луѓето и интересите на потрошувачите во однос на храната, земајќи ја предвид разновидноста при снабдување на храна, вклучувајќи ја и храната со традиционални карактеристики.

Со **Законот за ветеринарно здравство**[6] се уредуваат организацијата и одговорноста во вршењето на ветеринарната дејност, начелата и постапките за имплементација на активностите поврзани со заштита на животните и луѓето од болести кои се пренесуваат преку животни, производи, нуспроизводи од животинско потекло и предмети, активности против заразните болести кај животните, вклучувајќи зоонози, работата на Ветеринарната комора и други прашања од значење за ветеринарната дејност. Исто така со овој закон се уредуваат и контролата и сузбивањето на болестите кај животните, општите услови за ставање во промет на животни и производи, увоз, транзит на животни, производи и предмети, финансирањето на здравствената заштита на животните и ветеринарното јавно

---

[3]„Службен весник на Република Македонија“ број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 27/19, 27/19, 152/19, 244/19 и 275/19

[4]„Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 79/06, 101/06, 109/06, 24/07, 159/08, 83/09, 161/09, 01/10, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18

[5]„Службен весник на Република Македонија“ број 157/10, 53/11, 01/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18

[6]„Службен весник на Република Македонија" број 67/10, 157/10, 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 123/15, 154/15 и 53/16

здравство и други прашања во врска со вршењето на ветеринарното здравство. Истиот ја пропишува ветеринарната дејност од јавен интерес која вклучува: ветеринарното јавно здравство, здравствената заштита на животните и нивната благосостојба.

Условите и постапките за одобрување и ставање во промет, производство, увоз, поседување, промет, употреба и контрола на ветеринарно-медицинските препарати во РСМ се предмет на уредување во **Законот за ветеринарно - медицински препарати**[7]. Доколку со друг закон поинаку не е уредено одредбите од наведениот закон се применуваат и на биоцидни[8] средства, инструменти и помагала за употреба во ветеринарната медицина, опојните droги, психотропни супстанции и прекурзори потребни за производство на ветеринарно-медицинските препарати, фармаколошки активните супстанции кои се користат како суровини, како и одредени супстанции кои може да се користат како ветеринарно-медицински препарати како и индустриски приготвените премиси за медицирана добиточна храна[9].

Уредувањето на системот за идентификација и регистрација на фармските и другите животни е пропишано со **Закон за идентификација и регистрација на животните**[10]. Системот за идентификација и регистрација на животни го сочинуваат: Централна електронска база на податоци на животните; средства за поединечна и групна идентификација на животните; индивидуални регистри за секое одгледувалиште за животните; документи за движење на животните и други документи за индивидуална идентификација.

Со **Закон за квалитет на земјоделските производи**[11] утврден е начинот со кој се уредуваат пазарите на земјоделските производи, стандардите за квалитет, класификацијата, означувањето на квалитетот и информативниот систем за повеќе земјоделски производи меѓу кои и производите од пчели, контролата и надзорот над спроведувањето на одредбите од овој закон. Како физички резултат од земјоделското производство, производите од пчела се дефинирани како земјоделски производи. Квалитетот на земјоделски производ е збир од карактеристики на земјоделскиот производ кој ги исполнува најмалку

[7]„Службен весник на Република Македонија“ број 42/10, 136/11, 149/15, 53/16 и 241/18

[8]во член 4 точка 34 од Закон за ветеринарно-медицински препарати поимот „биоцидни ветеринарно-медицински *препарати*“ се активни супстанци и/или препарати кои содржат една или повеќе активни супстанции, во форма во која се доставени до корисникот, наменети за уништување, оштетување, онеспособување, спречување на активноста или на некој друг начин имаат ефект на контролирање на кои било штетни организми од хемиски или биолошки аспект

[9]во член 4 точка 4 од Закон за ветеринарно-медицински препарати поимот *„медицирана добиточна храна“* е секоја смеса на ветеринарно-медицински препарат или препарати и добиточна храна или храни кои се приготвени како готови за промет и наменети за исхрана на животни без натамошна преработка

[10]„Службен весник на Република Македонија“ број 95/12, 27/14, 149/15 и 53/16

[11]„Службен весник на Република Македонија“ број 140/10, 53/11, 55/12, 106/13, 116/15, 149/15, 193/15 и 39/16

минималните барања (стандарди) за квалитет утврдени за секој земјоделски производ поединечно.

Производ за заштита на растенијата не може да се произведува, пласира на пазарот и употребува на територијата на РСМ ако не е одобрен согласно со **Закон за производи за заштита на растенијата**[12]. Производите за заштита на растенијата се активни супстанции и препарати што содржат една или повеќе активни супстанции, подготвени во форма во која се доставуваат до корисникот, наменети за: заштита на растенија и растителни производи од сите штетни организми или за спречување на дејствувањето на овие организми до онаа мера до која што таквите супстанции или препарати поинаку не се дефинирани.

Со **Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**[13] се уредуваат основањето, надлежностите, организацијата и начинот на вршење на работата и раководењето со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Исто така се утврдуваат изворите за обезбедување на средства за финансирање на работата на Агенцијата и нивната намена и други прашања од значење за развојот на земјоделството и руралните средини. Целите на овој закон се спроведуваат преку програми кои ги донесува Владата на РСМ.

Со **Законот за шумите**[14] се уредуваат планирањето, управувањето, стопанисувањето, одгледувањето, заштитата и користењето (стопанисување со шумите), чувањето на шумите како природно богатство и шумското земјиште, остварувањето на општокорисните функции на шумите, правото и обврските на користење на шумите, финансирањето, како и други прашања од значење за шумите и шумското земјиште по принципот на биолошка, економска, социјална и еколошка прифатливост.
Со одредбите[15] од Законот за шумите дадена е можност да се поставуваат пчелни семејства под услови со кои не се доведува во прашање стопанисувањето и управувањето на шумите. Исто така согласно законот е определено дека шумите во државна сопственост не се предмет на продажба и пренамена, освен пренамена, доколку се работи за изградба на објекти од јавен интерес, корисникот на објектот од јавен интерес плаќа надоместок на корисникот на шумата во државна сопственост и шумите во државна сопственост не можат да се даваат под закуп.

Со **Законот за земјоделското земјиште**[16] се уредуваат користењето, располагањето, заштитата и пренамената на земјоделското земјиште. Во структурата на

[12]„Службен весник на Република Македонија” број 110/07, 20/09, 17/11, 53/11, 69/13, 10/15, 129/15, и 39/2016
[13]„Службен весник на Република Македонија“ број 72/07, 5/09, 43/14, 193/15, 39/16, 164/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 190/19
[14]„Службен весник на Република Македонија“ број 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15,7/16, 39/16 и 147/17
[15]член 53-а од Законот за шумите
[16] „Службен весник на Република Македонија“ број 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19

земјоделското земјиште, во смисла на овој закон, се: нива, градина, овоштарници, лозја, маслинарници, други долгогодишни насади, ливади, пасишта, мочуришта, трстици, рибници, нива под оранжерии, нива под помошни објекти, нива под објект за примарна обработка на земјоделски производи, како и земјиште во функција за потребите на користење на оранжериите, помошните објекти и објектите за примарна обработка на земјоделски производи. Земјоделското земјиште како добро од општ интерес за Републиката ужива посебна заштита и се користи под услови и на начин утврдени со овој закон.
За разлика од шумите во државна сопственост, земјоделското земјиште во државна сопственост според одредбите[17] од Законот за земјоделското земјиште може да биде предмет на продажба под услови и на начин утврдени со закон и може да се даде на користење по пат на закуп и плодоуживање. Во име на РСМ, земјоделското земјиште во државна сопственост на користење го дава МЗШВ. Земјоделското земјиште во државна сопственост може да се дава во закуп по пат на јавен оглас со прибирање на понуди и со непосредна спогодба.

Основите на функционирањето на хидрометеоролошката дејност во РСМ и надлежностите на УХМР за вршење на работите поврзани со истата, уредени се со **Законот за хидрометеоролошка дејност[18]**. Хидрометеоролошка дејност, ги опфаќа работите поврзани со развојот и функционирањето на хидрометеоролошкото бдеење, истражување на атмосферата, климата, водите и почвата и работи на примена на метеорологијата и хидрологијата. Работите на развојот и на функционирањето на хидрометеоролошкото бдеење во надлежност на УХМР согласно законот опфаќаат: утврдување и воспоставување државна хидрометеоролошка мрежа; изградба, опремување, одржување, работа, заштита и развој на државната хидрометеоролошка мрежа. Критериумите за формирање на оваа мрежа и начинот на работа, се утврдуваат и извршуваат на начин и под услови пропишани со наведениот закон и во согласност со прописите и стандардите на Светската метеоролошка организација (СМО)[19].

Поставеноста и полето на работата на државната статистика, методолошките и организациски основи на статистичките истражувања, прибирањето, обработката, презентирањето, чувањето, заштитата и дисеминацијата[20] на статистички податоци е утврдено со **Законот за државната статистика[21]**. Државната статистика е стручна независна дејност која врз основа на научни основи, на корисниците (правни и физички лица) им обезбедува податоци за економијата, демографијата, социјалниот живот, заштитата на животната средина и другите области. Програмата за статистички истражувања ја донесува Владата на РСМ, за период од пет години и се објавува во “Службен весник на РСМ” .

[17]член 17 и член 18 од Законот за земјоделското земјиште
[18]„Службен весник на Република Македонија“ број 103/08, 115/08, 53/11, 51/15 и 149/15
[19]член 14 од Законот за хидрометеоролошка дејност
[20]значење на поимот „*дисеминација*“ е ширење, споделување
[21]„Службен весник на Република Македонија“ број 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18

## 3. Надлежни институции

Надлежните институции за спроведување на политиките, мерките и активностите за заштита и унапредување на пчеларството се:

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
Министерството, согласно Законот за организација и работа на органите на државна управа помеѓу останатите има надлежност за вршење на работите што се однесуваат на:
- земјоделството, шумарството и водостопанството;
- користењето на земјоделското земјиште, шумите и другите природни богатства;
- ловот и риболовот;
- заштитата на добитокот и растенијата од болести и штетници;
- следењето и проучувањето на состојбите со водите, одржувањето и подобрувањето на режимот на водите;
- хидромелиоративните системи;
- хидролошките и агрометеоролошките мерења, како и противградобијната заштита;
- проучувањето и истражувањето на метеоролошките, хидролошките и биометеоролошките појави и процеси;
- надзорот од негова надлежност и друго.

Освен со овој закон, надлежностите на министерството се определени и со други закони со кои се уредени одредени области од делокругот на работењето на министерството.
За реализација на своите надлежности во МЗШВ се формирани 19 организациони единици од кои 18 сектори и 1 независно одделение. Одделението за сточарство согласно Правилникот за внатрешна организација и работа на МЗШВ е во рамките на Секторот за земјоделство и има надлежност за вршење на активности и работи од областа на пчеларството.
Одделението за сточарство ги следи целокупните активности во делот на сточарството и пчеларството, изработува програми со поттикнувачки мерки и ја следи реализацијата на истите, подготвува мислења и одговори на пратенички прашања од областа и учествува во изработка законски и подзаконски регулативи од областа.
Секторот за шумарство и ловство помеѓу останатото е надлежен за издавање на Одобрение за поставување на пчелни семејства во шума. Во истиот се четири одделенија и тоа: Одделение за уредување и користење на шумите, Одделение за одгледување на шуми и пошумување , Одделение за заштита на шумите од биотски и абиотски фактори и Одделение за ловство, уредување на ловишта и давање на дивеч на користење – концесија.

**Фитосанитарна управа**
Во рамки на МЗШВ формирани се и функционираат следните органи во негов состав: Управа за водостопанство, Фитосанитарна управа, Државна фитосанитарна лабораторија и Управата за семе и саден материјал.

Фитосанитарната управа претставува надлежен орган за извршување на работите во врска со здравјето на растенијата според Законот за здравје на растенијата, одговорна е за координација и размена на информации меѓу државните органи и тела и за известување на Европската унија по прашања од областа на здравјето на растенијата, како и за спроведување на меѓународните конвенции, спогодби и договори од областа на здравјето на растенијата кои ги ратификувала РСМ.

**Државен инспекторат за земјоделство**

Државен инспекторат за земјоделство е надлежен орган за вршење на инспекциски контроли и надзори меѓу кои и од областа на: земјоделство, руралниот развој, сточарско производство и пчеларството, производите за заштита на растенијата, квалитетот и безбедност на земјоделски производи и фитосанитарната политика. Инспекторатот работите од својата надлежност ги врши преку: директорот на инспекторатот, државни инспектори за земјоделство и државни фитосанитарни инспектори, стручната служба во инспекторатот и рибочувари на државни риболовни води.

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

МЖСПП е институција чии законски надлежности се во доменот на заштитата на животната средина и просторно планирање. Основната надлежност произлегува од Законот за организација и работа на органите на државната управа, со кој се пропишани работите што се однесуваат на:

- следење на состојбата на животната средина;
- заштита на водите, почвата, флората, фауната, воздухот и озонската обвивка од загадување;
- заштита од бучава, радијација, заштита на биодивиритетот, геодивирзитетот, националните паркови и заштитените области;
- реставрација на загадените делови од животната средина;
- предлагање мерки за третман на цврст отпад;
- просторно планирање;
- просторниот информативен систем;
- надзорот од негова надлежност;
- врши и други работи утврдени со закон.

**Агенција за храна и ветеринарство**

Со донесување на Законот за безбедност на храна и со изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа во 2010 година, основана е Агенцијата за храна и ветеринарство како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице, која започнува со работа од 01 јануари 2011 година. АХВ е правен наследник на Управата за ветеринарство и Дирекцијата за храна. Истата е одговорна за вршење на работите од областа на безбедноста на храна и храна за животни, спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности од областа на здравствената заштита на животните, нивна благосостојба, ветеринарно јавно здравство како и контрола на националните

референтни и овластени лаборатории кои даваат поддршка на работата на Агенцијата.

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**
Основањето, организирањето и работењето на АФПЗРР е уредено со Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, согласно кој истата ги има следните надлежности:
- извршување на мерките за директните плаќања во земјоделството;
- интервенции на пазарот на земјоделски производи;
- имплементација на производните квоти;
- извршување на мерките за рурален развој;
- реализација на средствата од претпристапната помош на Европската унија за рурален развој;
- спроведување на мерките на државна помош во земјоделството;

За извршување на законски утврдените надлежностите, АФПЗРР врши објавување на огласи и критериуми за доделување на финансиска поддршка, прием, евиденција и обработка на барања за финансиска поддршка, склучување на договори за финансиска поддршка со корисниците, организирање, спроведување и координирање на административните и технички контроли и контролите на лице место, одобрување на исплата на средства, следење на реализацијата на проектот, водење на постапки против корисници кои ги искористиле финансиските средства спротивно на склучените договори и вршење на други работи со цел извршување на законски утврдените надлежности.

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Факултет за земјоделски науки и храна**
УКИМ - Факултетот за земјоделски науки и храна е основан во 1947 година, под името Земјоделски факултет, како посебен отсек на Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје. Во февруари 2004 година, Земјоделскиот факултет го менува името во Факултет за земјоделски науки и храна. Остварување на дејноста во областа на биотехничките науки, е организирана преку две организациски единици: Наставно – научни организациски единици составени од шест (6) институти и Стручна и административна служба.

Во Институтот за анимална биотехнологија формирани се пет (5) катедри, меѓу кои и Катедрата за сточарство. Научната дејност во Катедрата за сточарство се реалзизира преку: селекција на домашни животни (говеда, овци, кози, свињи и живина); исхрана на домашни животни риби, дивеч и пчели; технологија на сточарското производство и преработка на анималните производи; биотехнологија и молекуларна биологија во сточарското производство; здравствена заштита и благосостојба на животните и хигиена на анимални производи и преработки од анимални производи.

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Факултет за ветеринарна медицина**
Факултетот за ветеринарна медицина врши наставно-образовна, научно-истражувачка и апликативна дејност од областа на ветеринарната медицина. За вршење на својата дејност факултетот е организиран во три (3) наставно-научни организациони единици – Институти и тоа:

- Ветеринарен институт;
- Институт за храна и
- Институт за репродукција и биомедицина.

Во рамките на Ветеринарниот институт формирани се повеќе катедри, помеѓу кои е и Катедрата за биологија и патологија на пчели, риби и ловен дивеч. На катедрата се изучуваат предмети за основите на биологијата на пчелата од видот Apis melliffera, одгледувањето, патологијата односно болестите, превентивата, дијагностиката, терапијата и сузбивањето на болестите. Во Лабораторија за дијагностика на болести кај риби, пчели и ловен дивеч, која е во рамки на Ветеринарниот институт, се вршат повеќе испитувања за здравствена заштита на животните.

Во Институтот за храна формирани се шест (6) катедри, меѓу кои и Катедрата за безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство. На истата се изучуваат потенцијалните ризици по безбедноста на храната како и сите прашања кои се од значење за ветеринарното јавно здравство. Во рамките на Институтот за храна е Лабораторијата за резидуи[22] и контаминенти[23], во која се врши испитување на безбедноста на храната, добиточната храна, водата и предметите за општа употреба.

**Управа за хидрометеоролошки работи**

Управата за хидрометеоролошки работи во својот делокруг на работење врши хидролошки и метеоролошки работи кои опфаќаат активности поврзани со развојот и функционирањето на хидролошкото бдеење, истражувањата на атмосферата, почвата, климата и водните ресурси, против градобијалната одбрана и работите на примената на хидрологијата и метеорологијата.

Хидрометеоролошката работи определени во законот, УХМР ги врши според годишни и повеќе годишни програми[24], донесени од страна на Владата на РСМ, по предлог на МЗШВ[25].

Исто така нејзини законски определени надлежности се извршување и координирање на меѓународните обврски на РСМ во областа на хидрометеоролошката дејност. Меѓународната соработка на земјата се остварува во рамките на глобалните и регионалните техничко-технолошки системи и развојно-истражувачки програми, кои се воспоставени врз основа на меѓународни договори, мултилатерални и билатерални спогодби, кои ги ратификувала РСМ. Директорот на УХМР ја претставува РСМ во Светската метеоролошка организација (СМО), а истиот

[22]во член 4 точка 52 од Закон за безбедност на храната поимот „*Резидуи од ветеринарно-медицински препарати*“ е остаток на биолошки или хемиски материи кои се користат во одредени количини и одредени фази на примарно производство на храната од животинско потекло, како и остаток на нивните метаболити и продукти на нивното разградување; и во член 4 точка 53 од Закон за безбедност на храната поимот „*Резидуи од пестициди*“ се резидуи вклучувајќи активни супстанции, метаболити и/или остатоци или производи на реакцијата на активни супстанции во моментот или кои претходно биле користени во производите за заштита на растенијата и кои се присутни во или на производите од растително или животинско или храна за животни

[23]во член 4 точка 79 од Закон за безбедност на храната поимот „*Контаминент*“ е секоја материја која е не намерно додадена во храната и/или која е присутна во храната како последица на производство (вклучувајќи го примарното производство и ветеринарна медицина), преработка, подготовка, третирање, пакување, транспорт или складирање на храната, или како последица на загадување од надворешната средина. Оваа дефиниција не вклучува материи како на пример делови од инсекти или животински влакна

[24]Програма за работи од областа на хидрометеоролошката дејност

[25]член 15 од Законот за хидрометеоролошка дејност

донесува Програма за меѓународна соработка во областа на хидрометеоролошката дејност.
Со Правилникот за внатрешна организација и работа на УХМР предвидени се шест сектори и две независни одделенија. Одделение за климатологија и климатски промени, како дел од Секторот за метеорологија, е надлежно за извршување на повеќе работни задачи, меѓу кои и: анализирање на резултатите од извршените мерења и набљудувања и издавање на информации за времето и климата; анализа на климата на РСМ и дефинирање на факторите кои влијаат врз елементите на климатскиот систем; развој на методите за оценка и прогноза на локалните промени и колебања на климата; анализа на екстремни климатски настани; изработка на климатски прогнози.

**Државен завод за статистика**
Државниот завод за статистика е стручна и самостојна организација во рамките на државната администрација во РСМ. Основни функции на институцијата се прибирање, обработка и дисеминација на статистички податоци за демографските, социјалните и економските појави во македонското општество. Во рамките на Секторот за деловни статистики, земјоделски статистики и статистики на животната средина, функционира Одделението за земјоделски статистики и статистики на животната средина, кое меѓу другото е надлежно за прибирање, обработка, анализа и дисеминирање на податоците од областа на земјоделската статистика.

## II.ЦЕЛИ, ОПФАТ И МЕТОДОЛОГИЈА НА РЕВИЗИЈА

### 1. Цели на ревизијата

1.1. Ревизијата на успешност е спроведена со цел да се даде оценка за ефективноста на мерките и политиките за развој и напредок на пчеларството во РСМ, утврдување на состојбата и давање на препораки кои треба да придонесат за негов понатамошен развој и унапредување преку целосна реализација на стратешки определените мерки и активности, следење и навремено ажурирање на истите, законско и подзаконско доуредување на областа пчеларство, финансиската поддршка за пчеларите, бази на податоци и усогласување на содржината на истите помеѓу надлежните институции, како и други мерки и политики кои треба да придонесат за развој и напредок на пчеларството.

1.2. Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2019 година на тема: “Мерки, политики и проекти за заштита и унапредување на пчеларството во Република Северна Македонија“, со цел да дадеме одговор на прашањето: „Дали донесените мерки и политики за пчеларството во Република Северна Македонија се ефективни и обезбедуваат негов развој и напредок“?

1.3. Ревизорските активности спроведени во субјектите опфатени со ревизијата беа насочени кон следниве области и тоа како што следува:
- Законска и подзаконска регулатива и стратешки документи;
- Мерки за пчеларството содржани во Годишните програми за финансиска поддршка во земјоделството и Годишните програми за финансиска поддршка на руралниот развој и
- Климатските промени, болестите и пестицидите и нивното влијание врз пчелата и медот.

## 2. Опфат на ревизија

2.1. Со ревизијата на успешност беа опфатени повеќе субјекти надлежни за развој и унапредување на пчеларството во РСМ и тоа:
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Фитосанитарната управа;
- Државен инспекторат за земјоделство;
- Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Агенција за храна и ветеринарство;
- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој;
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Факултет за земјоделски науки и храна;
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Факултет за ветеринарна медицина;
- Управата за хидрометеоролошки работи и
- Државен завод за статистика

Со ревизијата на успешност го опфативме периодот од 2016 до 2018 година, а дадени се состојби кои се случиле и претходно и последователно.

## 3. Методологија

3.1. Ревизијата на успешност е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на ВРИ (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во РСМ при вршењето на државната ревизија.

3.2. Ревизијата на успешност е независно испитување на ефикасноста и ефективноста на владините активности, програми или организации, со оправдана почит кон економијата и целта која води кон подобрувања.

3.3. Оваа ревизијата на успешност преставува објективна и систематска проверка на докази со цел обезбедување на независна проценка на ефективноста на мерките и политиките за заштита и унапредување на пчеларството во РСМ.

3.4. Заклучоците од оваа ревизија ќе придонесат за зголемување на унапредување на мерките, политиките и активностите кои ги креираат и реализираат надлежните институции за развој и напредок на пчеларството во РСМ.

3.5. Кај оваа ревизија на успешност користевме комбиниран пристап и тоа: пристап ориентиран кон резултати, со кој сакаме да оцениме дали се постигнати резултати, односно дали целите, програмите и услугите од областа предмет на ревизија се извршуваат според својата намена, а со проблемски ориентиран пристап се фокусиравме на проблемите поврзани со целта на ревизијата, а кои се од значење за заштита и унапредување на пчеларството во РСМ.

3.6. Со цел добивање на релевантни и доволни ревизорски докази кои водат кон ревизорските наоди, заклучоци и препораки ги користевме следниве техники на ревизија на успешност: анализа и проучување на законската, подзаконската регулатива и на стратешките документи, проучување на документите поврзани со финансиска поддршка во земјоделството и на руралниот развој; извршени интервјуа и разговори со одговорни лица; изготвување, доставување и обработка на прашалници, увид и анализа во доставената поткрепувачка документација; интернет истражувања и анализа на податоци.
Користените техники треба да обезбедат соодветни и потребни податоци и информации заради осознавање на областа предмет на ревизијата, детектирање на постигнати резултати и проблеми и давање препораки за подобрување на резултатите и надминување на проблемите.

3.7. Ревизијата на успешност е извршена во периодот од 22.04.2019 до 15.11.2019 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

3.8. Од страна на раководните лица на Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенција за храна и ветеринарство, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Државен инспекторат за земјоделство добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека поголем дел претставуваат образложенија за причините за констатираните состојби, една забелешка се прифаќа заради допрецизирање на состојбата во дадената препорака и дел се образложенија за преземени активности по дадените препораки, кои соодветно се обелоденети во Конечниот извештај на овластениот ревизор.

3.9. Прелиминарните истражувања беа насочени кон повеќе области заради стекнување на знаења за законската и подзаконската регулатива и стратешките документи кои се однесуваат на заштита и унапредување на пчеларството во РСМ, надлежност, мониторинг, надзор и контрола, комуникација и соработка на институциите надлежни за пчеларството, мерките за пчеларството содржани во

годишните програми за финансиска поддршка во земјоделството и годишните програми за финансиска поддршка на руралниот развој и влијанието на климатските промени, болестите и пестицидите врз пчелите и медот.

Од прелиминарните истражувања произлегоа заклучоци по што се изработи Ревизорска програма која ги опфати утврдените ризици, прашања, критериуми за преземање на понатамошни активности со цел обезбедување на доволно ревизорски докази.

Од заклучоците кои произлегоа од прелиминарните истражувања, оценивме дека со продолжување на ревизијата на успешност ќе се даде придонес за зголемување на ефективноста на мерките и политиките кои ги преземаат надлежните институции во насока на развој и напредок на пчеларството во РСМ.

# III. РЕВИЗОРСКИ НАОДИ

## 1. Област 1 - Законска и подзаконска регулатива и стратешки документи

1.1. Со одредбите од Законот за земјоделство и рурален развој помеѓу останатото уредено е планирањето, следењето и проценката на националната земјоделска политика, да се реализира со донесување од страна на Владата на РСМ на Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој, Национални програми и Годишни програми.

**Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој**

Врз основа на Законот за земјоделство и рурален развој, Владата на РСМ, на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ја донела Националната стратегија за земјоделството и рурален развој за периодот 2014-2020 година, за период од седум (7) години, како основен стратешки документ за остварување на предвидените цели, кои се насочени кон:

- обезбедување на стабилно производство на квалитетна и поевтина храна и обезбедување на населението со доволни количини храна;
- зголемување на конкурентната способност на земјоделството;
- обезбедување на стабилно ниво на доход на земјоделското стопанство;
- одржлив развој на руралните подрачја и оптимално искористување на природните ресурси со почитување на начелата за заштита на природата и животната средина[26].

Целите треба да се остваруваат преку мерки и инструменти на политики за уредување и поддршка на земјоделски пазари, директни плаќања и рурален развој.

Изработката на НСЗРР 2014-2020 била поддржана од страна на Агенцијата за храна на Обединетите нации (ФАО) преку Програмата за техничка соработка[27].

Со извршената анализа на активностите предвидени во националната стратегија, ревизијата утврди дека до периодот на вршење на ревизијата не е пристапено кон целосна реализација и спроведување на стратешки определените цели утврдени со истата и тоа:

- не се донесени стратешки, плански и програмски документи: Стратегија за безбедност на храна на Република Македонија, Стратегија за одржлив развој на шумарството во Република Македонија, Националната стратегија за консолидација на земјоделското земјиште, Стратегијата за фитосанитарна политика и нова Програма за заштита на биолошката разновидност во сточарството, кои се дел од политиките содржани во стратегијата и истите треба да се основ за правното уредување на спроведувањето на стратегијата за период 2014-2020;

[26]член 3 став 1 од Законот за земјоделство и рурален развој

[27]Проект TCP/MCD/3403 - Support to the Development of National Strategy for Agricultural and Rural Development (NSARD) 2014-2020

- не се преземени целосни мерки и активности од страна на МЗШВ за следење на спроведувањето на НСЗРР 2014-2020 на начин и динамика утврдени во самата стратегија. Имено, министерството не подготвува годишни информации до Владата до крајот на тековната година за следење на нејзиното спроведување, не извршило проценка и ажурирање на стратегијата на половината од стратешкиот период односно во 2017 година, и не иницирало измена и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој со која вршењето проценка и ажурирање на стратегијата на половината од стратешкиот период ќе е законска обврска. На ревизијата се презентирани не потпишани, не архивирани и без доказ за доставување до Владата на РМ во 2017 односно во 2018 година следните документи: Информација за реализација на Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2014-2020 година и Информација за анализа на нереализирани активности од Оперативниот план за спроведување на Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2014-2020 година, кои требало да бидат завршени до крајот на 2017 година;
- отсуство на утврдени мерки и активности за превенирање и здравствена заштита на пчелите од болеста „Варооза“ и не е донесена Програма за сузбивање на Вароозата, како дел од јавното ветеринарно здравство;
- не се започнати активности за изработка на Катастар на пчелна паша, освен што е донесен Правилник за подеталните критериуми за катастарот на пчелните пасишта и пчеларскиот ред за испаша[28]. Исто така, не е донесен Правилник за користење на пашата, Програма за планско подобрување и проширување на пчелната паша со препорачани медоносни растенија во соодветниот регион и
- не е донесена Национална програма за пчеларството.

Не спроведувањето на сите стратешки цели, политики и мерките оневозможува соодветен развој на земјоделството и руралните средини во РСМ, понатамошно унапредување на веќе постоечките политики и зголемување на нивната ефикасност, со што е оневозможено унапредувањето и развој на пчеларството како значајна земјоделска дејност.

Во текот на ревизијата отпочнати се активности за изработка на нова стратегија за што е презентиран договор и анекс кон договорот склучен во 2018 година помеѓу МЗШВ и домашен правен субјект во вредност од 11.700 илјади денари, кој износ ќе се користи и исплати од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година[29].

[28]„Службен весник на Република Македонија“ број 24/11
[29]„Службен весник на Република Македонија " бр.16/18, 100/18, 127/18 , 193/18 и 231/18

**Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој**

Владата на РМ во текот на 2012 година донела Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој за период 2013-2017 година[30] додека во 2018 година, донесена е актуелната Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој за период 2018-2022 година.

Националната програма е плански и оперативен документ за спроведување на националната политика за земјоделството и руралниот развој, која ги поврзува стратешките документи на политиките, пред се со годишното буџетско планирање, со годишните оперативни програми и годишни уредби за спроведување на земјоделските и рурални политики. Истата содржи:

- инструменти, мерки и активности за спроведување на мерките,
- временски распоред и рокови за спроведување и
- индикативна финансиска рамка за нивно спроведување.

Во делот од Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2013-2017 година, „Преглед на мерките на основните директни плаќања“ предвиден е годишен износ од 600 денари по пчелно семејство за стопанства кои поседуваат минимум 35 пчелни семејства, а во Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за период 2018-2022 година освен годишниот износот од 600 денари по пчелно семејство, предвиден е и годишен износ од 800 денари за стопанства кои поседуваат од 50-100 пчелни семејства. Исто така во дел од програмата насловена „Преглед на мерките на основните директни плаќања“, за период 2018-2022 година, за пчеларството на име „Останати дополнителни директни плаќања“ определен е годишен износ од 1.000 денари по пчелно семејство кое е во контрола и е вклучено во селекција за производство на пчелни матици.

Донесените Национални програми за развој на земјоделството и рурален развој, го одразуваат континуитетот на заложбите на државата за развојот на земјоделството и руралните средини, вклучително и на пчеларството, како значајна земјоделска гранка. Преку понатамошно унапредување на воспоставените политики, во насока на зголемување на нивната ефикасност се обезбедува поддршка на пчеларството во неговото соочување со предизвиците на отворениот и променлив пазар и обезбедување одржлив развој на руралните средини. Преку различните мерки и креираните политики, особено политиките на директни плаќања, директно односно индиректно се подржува доходот на одгледувачите на пчели, со ограничено влијание на пазарот и цените на медот и останатите пчелни производи.

Освен наведените стратешки документи и национални програми, во содржината на Програмата за работа на Владата 2017-2020 година, предвидени се активности за развој на земјоделството, кои имаат позитивно влијание и врз пчеларството, наведени во делот Инвестиции за одржлив раст – Развој на земјоделството, и тоа: *„Приоритет на Владата е зголемување на земјоделските површини и на приносот и квалитетот на земјоделските производи. ...Поважни задачи во областа на земјоделството се: насочување на земјоделските субвенции кон профитабилни и пазарно ориентирани земјоделски стопанства; транспарентност на буџетските*

[30] врз основа на член 7 од Законот за земјоделство и рурален развој

*средства од националната програма за земјоделство и рурален развој. ... зголемената поддршка ќе оди паралелно и со зголемена правичност и транспарентност со цел средствата навистина да доаѓаат кај вистинските земјоделци и сточари . ... целосно ќе се стави во употреба системот кој, врз основа на снимки од воздух, ќе ја утврдува моменталната состојба на земјоделското земјиште со што ќе се намалат можностите за злоупотреба. Воедно, системот ќе се промени за да забрзаат и поедностават процедурите за доделување субвенции и полесен пристап до ЕУ фондовите за рурален развој“.*

За спроведување на Националната програма, Владата на РСМ на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува **Годишна програма за финансиска поддршка во земјоделството и Годишна програма за финансиска поддршка на руралниот развој**[31]**,** за кои детално е наведено во точка 2.1. од овој извештај.

1.2. Во НСЗРР за периодот 2014-2020 година, како и во Законот за сточарство, утврдена е обврската за изработка на катастар на пчелните пасишта, ред за испаша и програма за прогноза на медењето за кои во законот е наведено:

- „*катастарот на пчелните пасишта е база на податоци за определување на капацитетот на дефинирани реони со медоносна флора, кој се води како јавна услуга*[32] *за стручни задачи во сточарството, на подрачјето на следењето и прогнозата на медењето во пчеларството*“, без определување на видот, начинот на собирање и користење на податоците кои треба да се содржани во базата и
- „*пчеларскиот ред за испаша ги определува правилата за организиран превоз до пчелните пасишта, одредени со катастарот за период од пет години*“, без уредување на начини на спроведување на организиран превоз до пчелните пасишта, односно наведување на поимот селидбено пчеларење и уредување на начинот на негово спроведување.

Со спроведените интернет истражувања, осознавме дека катастарот на пчелните пасишта треба да содржи податоци за присуство на медоносни растенија на одредено подрачје, што се обезбедува преку изработка на фенолошки[33] карти за

[31] член 7 став 3 од Законот за земјоделство и рурален развој

[32] во член 4 точка 24 од Законот за сточарство е содржана дефиницијата на поимот „*Јавна услуга*“ е збир на стручни задачи и активности од спроведувањето на ЗОПОД, спроведувањето на Програмата за заштита на биолошката разновидност и водењето на Катастарот на пчелна паша и прогноза на медењето во пчеларството;

[33] Фенологијата на растенијата е наука за проучување на фазите на развој на растенијата. Нејзина основна задача е регистрирањето на промените во годишниот циклус од нивниот развој со забележување на времето на појавата на одредени фази на развиток (фено-фази). Одбраните фено-фази кои се предмет на набљудување се обично карактеристични и лесно воочливи како што се: почеток на листање, почеток на цветање или појава на први зрели плодови и слично. Споредбените податоци од исти фено-фази во различни области за ист низ на години овозможува да се воспостави законитост помеѓу периодичниот развој кај растенијата во зависност од еколошките, метеоролошките и климатските услови. Врз основа на тие податоци може да се изработат и фенолошки карти каде со линии се поврзуваат локалитетите или местата каде одредени фено-фази на исти растенија се појавуваат во ист период. Податоците добиени од фенолошките карти може да се употребат како „сирови“ и актуелни за одреден период, или обработени во различни области како климатологија, земјоделството, географијата, заштитата на

медоносни растенија. Фенолошката карта е збир на податоци за можноста од пчелна паша, по видови на пчелна паша на одредено подрачје. Заради користење на пчелната паша, одгледувачот на пчели може пчелното семејство да го преселува на друго место, со што се подржува организирано селидбено пчеларење кое пак влијае на добивање на поголеми количини и поквалитетен мед од медоносните пчели. Исто така земјоделците кои се занимаваат со растително производство, можат да учествуваат во овој катастар, со тоа што за свои потреби ќе требуваат потребен број на кошници/пчелни семејства за опрашување на нивните зеленчукови и овошни култури заради зголемување на квалитетот и приносот на своите посеви.

До период на вршење на ревизијата не е изработена фенолошка карта на РСМ со фенолошки податоци за сите медоносни растенија на територијата на нашата земја, потребни и користени од страна на медоносната пчела, освен што од страна на УХМР во 2015 година е изработен Фенолошка атлас. Во истиот се обработени шест групи на растенија (диви зељести растенија, шумски дрва и грмушки, легуминозни и ливадски треви, полјоделски култури, овошки и винова лоза), а за пчелите се забележани само датумите на првото излегување (прво внесување на полен) и датумите на медење на багремот и липата, без фенолошки податоци за останатите медоносни растенија.

Во текот на вршење на ревизијата од УХМР побарани се податоци од 10 годишни фенолошки карти за медоносни растенија во РСМ, за што е доставена само фенолошка карта за див костен со образложение дека ...„*за изработка на фенолошки карти потребно е зголемување на бројот на фенолошки станици, надоместокот за фенолошки набљудувачи, поголема соработка со пчеларски здруженија, ФЗНХ – пчеларство и МЗШВ особено за изработка на наменски анализи*“.

Не изработените фенолошки карти и не воспоставениот катастар на пчелните пасишта, ред за испаша и програма за прогноза на медењето, како и потребата од законско и под законско доуредување на оваа областа, влијаат на неможност од постигнување на највисоката цел на Заедничката основна програма за одгледување на медоносни пчели 2011-2020[34], а тоа е постигнување на повисоко ниво на просечно производство на мед по пчелно семејство, со што се согледува економското стопанско значење на оваа програма за држава.

Имајќи го предвид значењето од изработка на катастарот на пчелна паша и можноста во истиот да се содржани бројни информации од теренот низ нашата држава (за шумите, ливадите и други површини), фотографии од сателити, систем на временски прогнози, односно метеоролошки параметри и друго, неговата изработка е долготрајна и комплексна и бара претходни опсежни

растенијата, шумарството, медицината и слично. Сепак најзначајна примена овие податоци имаат во земјоделството, каде успешно се користат за планирање на производството, реонирањето на културите, избор на сорти и друго. – Извор Фенолошки Атлас 2015 година, изработен од страна на УХМР

[34]ЗОПОП е Заедничка основна програма за одгледување на пчели, а е составен дела на заедничка основна програма за одгледување на добиток (ЗОПОД). ЗОПОП-от, е генерална рамка за одгледување на пчелата во однос на нивно генетско унапредување, односно е спроведување на матично книговодство во областа на пчеларството кое се изведуваа во регистрирани одгледувалишта на пчелни матици во РМ

работи за собирање на повеќе различни податоци од страна на повеќе надлежни институции и субјекти: УХМР, Агенцијата за катастар на недвижности, здруженија на пчелари на одредено подрачје и други. Собраните податоците треба да се систематизираат, поврзат и обработат за да бидат функционални и прилагодени на специфичните потреби на пчеларите и да дадат можност пчеларот да избере права локација односно онаа која има најмногу паша за пчелите.

Истакнуваме дека поставувањето на пчелни семејства во шума во државна сопственост е уредено со Законот за шумите, а со правилникот[35] донесен врз основа на истиот, пропишано е местото на поставување, начинот на поставување, формата и содржината на барањето како и формата и содржината на одобрението за поставување на пчелни семејства во шума. Имено поставувањето на истите е по барање доставено до МЗШВ - Секторот за шумарство и ловство, од страна на сопственик на пчелни семејства, врз основа на кое, истото издава одобрение по претходно мислење од корисникот или управувачот на шумата. Според податоците од секторот, во периодот 2014-2019 година, бројот на издадени одобренија за поставување на пчелни семејства во шума се зголемува, така што, заклучно со месец септември 2019 година, нивниот број е зголемен за 33,3%, во однос на 2014 година.

Исто така од август 2019 година, со Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште[36] дадена е можноста за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост и за поставување на пчелни семејства за период до 15 години, без уредување на начинот на кој земјоделското земјиште ќе се дава под закуп на пчеларите (по пат на јавен оглас, со прибирање на понуди или со непосредна спогодба), уредување на плаќање или не плаќање на закупот, висина на закупнината и друго.

До периодот на вршење на ревизијата во МЗШВ, не се отпочнати активности по наведената измена и дополнување на законот.

1.3. Целите на сточарството, условите и начинот на држење и одгледување на добитокот, одржливото сточарство, програмите за одгледување, промената и заштитата на особините на домашните животни[37] и друго, определени се во Законот за сточарство. Одредбите од законот се однесуваат на држење и одгледување на домашните животни, и тоа: копитари, говеда, биволи, свињи, овци, кози, живина, медоносни пчели, како и на други видови животни кои се стопанско корисни (добиток). За спроведувањето на целите на овој закон, со одредбите[38] од истиот е определено дека, Владата на РСМ, на предлог на МЗШВ,

[35]„Службен весник на Република Македонија“ број 102/13, 82/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 86/2019
[36]„Службен весник на Република Северна Македонија“, број 161 /2019
[37]во член 4 точка 15 од Законот за сточарство е дефинирано дека „*Домашни животни*“ се животни кои човекот ги чува за стопанска корист, кои живеат под негова заштита и грижа, редовно се размножуваат и не се слободно пуштени во природата“,
[38]во член 16 од Законот за сточарство

носи Заедничка основна програма за одгледување добиток за период од десет години[39]. Наведените одредби од законот се за сточарството, односно за добитокот воопшто, а за пчеларството истиот содржи општи одредби: вклучување на пчелите во животни кои се стопански корисни (добиток), дефинирање на поимот „пчелно семејство“[40] и поимот „испаша на пчели“[41], наведување на автохтоните раси[42] на добитокот, а со тоа и на пчелата, без притоа за пчелата и пчеларството да се содржани одредби со кои:

- ќе се издвои пчелата од останатиот добиток, земајќи ги предвид нејзините биолошки карактеристики и особености,
- ќе се прецизира и уреди начинот на одгледување на пчелата (што е пчеларник),
- наведување на начините на поставување на пчелно семејство – стационарно или селидбено, определување на условите на одгледување на пчели во стационарен и во селидбен пчеларник (со определување на растојанието на поставување на пчелното семејства во однос на друго пчелно семејство, објект, луѓе и друго, начин на транспорт на пчелни семејства, уредување на користењето на земјиштето при селење, селење само на здрави пчели со докажување на нивната здравствена состојба и друго).

Потребата од дополнување или носење нов Законот за сточарство кој ќе содржи поконкретни одредби за пчеларството, е посочено и во стручното мислење, дадено од страна на професор по пчеларство, доктор на науки при Факултетот за земјоделски науки и храна и тоа: ...„*Имајќи ги во предвид разликите помеѓу добитокот и медоносните пчели кои произлегуваат од нивната различна систематска припадност (претставниците на добитокот припаѓаат во класата на цицачи, а пчелите во класата на инсекти). Меѓународната Фраскатиева научна класификација има направено јасна дистинкција помеѓу добитокот и медоносните пчели со тоа што сите домашни животни ги класифицира во иста научна област 408. Добиточно производство (сточарство), а ... медоносната пчела е класифицирана во издвоена научна област 404. Пчеларство. Сличниот принцип би требало да се земе во предвид и кога се изготвуваат законски регулативи кои ги регулираат условите за одгледување на добитокот и медоносните пчели. Имено, иако медоносните пчели се третираат како домашни животни од кои се добиваат одредени производи, тие се одликуваат со низа специфичности и разлики во одгледувањето во однос на добитокот и затоа се појавуваат потешкотии при сведување под исти законски регулативи. Законските регулативи кои го третираат добитокот не можат да ја опфатат индиректната корист која доаѓа од пчелите, а тоа е нивната опрашувачка улога и нивното учество во производството на храна*

[39]„Службен весник на Република Македонија“ број 43/11

[40]во член 4 точка 43 од Законот за сточарство поимот „*Пчелното семејство*“ е дефинирано дека е рој од пчели на восочно саќе во пчелно живеалиште (кошница, трмка и друго) кое се состои од една матица, пчели работнички во текот на целата година и трутови во текот на производната сезона

[41]во член 4 точка 23 од Законот за сточарство поимот „*Испаша на пчели*“ е организирано искористување на капацитетот на дефинираните реони со медоносна флора според правилата за редот на испаша

[42]во член 4 точка 1 од Законот за сточарство е дефинирано дека „Автохтони раси“ се раси на добиток кои настанале на подрачјето на Република Македонија

*(не постои регулација за користење на пчелите како опрашувачки сервис), потоа проблемите кои произлегуваат од третирањето на културите со пестициди кои се извонредно опасни за пчелите, проблемите околу користењето на пчелната паша, проблемите околу доселување на пчелите на определена локација (растојание до други пчеларници, населени места и сл.) итн. Сите овие специфичности сметам дека би биле земени во предвид и регулирани со изготвување посебен Закон за пчеларство, за кој повеќе години наназад се залага и пчеларската фела претставувана од нивните здруженија ..."*[43]

Напоменуваме дека на 08.08.2019 година од страна на министерот на МЗШВ донесено е решение за формирање на работна група, во која членуваат вработени во министерството, вработен од АХВ, професори од Факултет за земјоделски науки и храна, Институтот за сточарство и Факултетот за ветеринарна медицина. Работната група со решението е задолжена да подготви текст на нов Законот за сточарство до 01.03.2020 година.

1.4. Обврската за формирање на потсекторски постојани групи за уредување на земјоделски пазари на одделни земјоделски производи, вклучувајќи го и медот е врз основа на Законот за земјоделство и рурален развој, донесен во 2010 година. Истата треба да ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а нејзини позначајни задачите и активностите се: давање на мислења и ставови по прашања кои произлегуваат од уредување на земјоделските пазари; вршење работи на консултативен механизам за креирање на политики, планови и програми за развој на земјоделски пазари; поддржување на процесот на континуирана комуникација меѓу учесниците на земјоделските пазари во поглед на понуда, побарувачка и цени; промовирање на усогласување по прашања кои произлегуваат од уредувањето на земјоделските пазари.

Со задоцнување од осум (8) години, односно во 2018 година министерот донел Решение[44], со кое е формирана Потсекторска постојана група за уредување на земјоделски пазари за мед, која на ден 24.04.2018 година го одржала првиот состанок.

Исто така, врз основа на Законот за земјоделство и рурален развој, Владата на РМ, на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на ден 03.04.2012 година, донела Одлука за формирање на Совет за земјоделство и рурален развој[45]. Во законот уредено е Советот да е составен и од претседателите на потсекторските постојани групи. Во услови на не навремено формирање на потсекторската група за мед оневозможено е Советот да работи во полн состав, а со тоа не целосно се реализирани неговите законски определените надлежности поврзани со медот.

Горенаведените состојби влијаат врз забавена, односно ненавремена реализација на утврдените политики кои се однесуваат на развој на пазарот за медот, со цел

[43]одговор на прашалник доставен на ревизијата од страна на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Факултет за земјоделски науки и храна
[44]број 02-5164/1 од 17.04.2018 година
[45]„Службен весник на Република Македонија" број 49/2012

зголемување на конкурентноста и атрактивноста на овој пчелен производ како и постоење задоволни учесници на пазарот за мед преку подигнување на нивото на квалитетот на производството, воспоставување на стабилен и препознатлив пазар и зголемен извоз. Потсекторската постојана група за уредување на земјоделски пазари за мед согласно законот, донела деловник за работа на ден 19.06.2018 година, Годишна програма за работа за 2019 година и Оперативна програма за техничка поддршка на потсекторска постојана група за мед.

Со Годишна програма утврдени се четири (4) цели и тоа:

- Подигнато ниво на знаење и информации за потребите на нови технологии, квалитет и стандарди,
- Решавање на локациски проблеми на одгледувалишта на пчели и имотно правни односи,
- Активно учество и вклучени предлози во Националните програми за поддршка и измена и дополнување на закони и подзаконски акти и
- Манифестации за промоција на македонскиот мед.

За реализација на наведените цели утврдени се десет (10) поодделни активности, од кои заклучно со 30.09.2019 година, реализирани се седум (7), што претставува 70% реализација на планираните активности. Преземените активности во текот на 2019 година имаат влијание врз зголемувањето на ефективноста на активностите на потсекторската група поврзани со прашањата од областа на пазарот со медот.

1.5. Начинот на регистрирање и одобрување на операторите со храна во кој се вбројуваат и операторите со мед, условите за работа и барањата во врска со безбедноста и квалитетот на храната, се уредени со Законот за безбедност на храна и Законот за квалитет на земјоделски производи.

Од друга страна, производството на медот како земјоделска дејност е предмет на уредување и со Законот за земјоделство и рурален развој[46] во однос на регистрирањето на земјоделските стопанства, вршењето на откуп и воспоставувањето и водењето на регистар на откупувачи на мед.

Имајќи ги предвид одредбите од наведените закони и извршениот увид во законски определените регистри кои треба да ги воспостават и водат АХВ и МЗШВ, ревизијата утврди не целосно постапување од страна на истите за што ги утврдивме следните состојби:

- АХВ согласно Законот за безбедност на храната има воспоставено и води два регистри на оператори со мед и тоа:
  - ❖ Регистар на примарни производители со мед, чиешто годишно количество на мед и други производи од пчели кои се ставаат во промет, не надминува 1000 кг[47], и

[46]„Службен весник на Република Македонија” број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 06/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16 и 74/17

[47]согласно Правилникот за условите за директно снабдување од страна на производителот на мали количества примарни производи до крајните потрошувачи или до локалните малопродажни трговци кои директно го снабдуваат крајниот потрошувач, како и општите и посебните барања за локализирана активност за операторите со храна од мал обем „Службен весник на Република Македонија“ број 10/13

- Регистар на одобрени оператори и објекти за производство, обработка и манипулација со мед, кои имаат одобрени објекти и годишно ставаат во промет над 1000 кг мед.

Во однос на Регистарот на примарни производители со мед ревизијата утврди дека истиот е воспоставен во 2018 година и покрај тоа што законската обврска за неговото воспоставување е предвидена уште во 2010 година, додека Регистарот на одобрени оператори и објекти за производство, обработка и манипулација со мед е донесен согласно важечката законска регулатива.

Наведеното, влијае на не навремено создавање на потребна база на податоци за примарни производители како основ за планирање и спроведување на инспекциски контроли од страна на АХВ.

- согласно Законот за земјоделство и рурален развој, МЗШВ има законска обврска за воспоставување и водење на Единствен регистар на земјоделски стопанства, во кој задолжително се запишуваат сите земјоделски стопанства[48] кои бараат користење на финансиски средства од предвидените мерки, согласно наведениот закон и се запишани во регистрите формирани согласно со законската регулатива. Основа за водење на наведениот регистар и негово поврзување со други регистри е единствениот идентификациски број –ИДБР, кој се одредува при упис на земјоделското стопанство во истиот и кој треба задолжително да се употребува во сите регистри формирани согласно со закон, што упатува дека регистрите треба да се меѓусебно поврзани.

  Ревизијата утврди дека не е постапено по законски определената обврска за донесување на подзаконски акт за начинот на поврзување и размена на податоци помеѓу воспоставените регистри и евиденции, односно воспоставениот Единствен регистар на земјоделски стопанства во МЗШВ и Регистарот на примарни производители во АХВ меѓусебно не се поврзани.

  Наведената состојба упатува на отсуство од размена на податоци помеѓу наведените институции, што има за ефект не целосност и намален квалитет на податоците кои се добиваат од воспоставените регистри;
- согласно Законот за земјоделство и рурален развој откуп на земјоделски производи во кои е и медот, можат да вршат само регистрирани правни лица за преработка и вршење на трговија со земјоделски производи кои се запишани во некој од соодветните регистри на откупувачи, воспоставени во МЗШВ.

  При извршениот увид во Регистарот на откупувачи на мед утврдено е дека истиот не ги содржи сите законски определени податоци предвидени во Законот за земјоделство и рурален развој и тоа:
    - планирани количини за откуп на мед во тековната година,

[48]согласно член 2 точка 11 од Закон за земјоделство и рурален развој „*Земјоделско стопанство*“ е економска единица под единствено управување (од едно или повеќе лица без оглед на сопственоста, правната форма, големина или локација) на чиј земјоделски имот (кој го поседува и/или располага) се врши земјоделска дејност и за кое се води евиденција во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Земјоделското стопанство опфаќа една или повеќе производни единици. Земјоделско стопанство може да биде правно организирано како трговско друштво или друго правно лице утврдено со закон или семејно земјоделско стопанство

- податоци за реализиран откуп за претходната година и
- податоци за цена и количина на мед кој се откупува согласно склучен договор за откуп.

Исто така, воспоставениот Регистар за откупувачи на мед во МЗШВ и воспоставениот Регистар на одобрени оператори и објекти за производство, обработка и манипулација со мед, кој го води АХВ, не се поврзани и истите располагаат со различни податоци за иста категорија на правни лица кои вршат преработка и манипулација со мед. Имено, во Регистарот на откупувачи кој се води во МЗШВ се регистрирани три (3) правни лица - откупувачи на мед, а во Регистарот на АХВ за одобрени оператори и објекти за производство, обработка и манипулација со мед регистрирани се  петнаесет (15) правни лица – оператори со мед.

Од добиените податоци од ДИЗ, како надлежен орган за надзор над откупот на земјоделските призводи,  утврдивме дека со спроведените инспекциски контроли во периодот од 2016 до 2018 година опфатени се само откупувачите на мед регистрирани во МЗШВ, а не и правните лица регистрирани во Регистарот на АХВ.

Во добиените забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, наведен е актот за отпочнување на вршење инспекциски надзори кај субјектите од Регистарот на АХВ, како и конкретно утврдената фактичка состојба кај четрнаесет (14) субјекти,  распоредени во шест (6) групи, согласно состојбите утврдени со надзорот (вршат откуп или не, се регистрирани откупувачи, или ја започнале постапката за регистрација и друго). За деталните податоци содржани во забелешките, во прилог на истите не е доставена поткрепувачка документација за отпочнувањето и спроведувањето на надзорот.

Од наведеното произлегува дека МЗШВ не располага со сите потребни податоци и информации во однос на условите и начинот на вршење откуп, вкупните расположливи  количини за откуп на мед и цената на истиот;

- во МЗШВ не е воспоставен законски предвидениот Пазарно-информативен систем на производи од пчели предвиден со Законот за квалитет на земјоделски производи, кој треба да содржи податоци за операторите со производи од пчели, податоци за бројот на пчелни друштва и количините на добиен, односно откупен производ.

  Не воспоставувањето и не водењето на наведениот информативен систем влијае врз можноста за ефективно следење на состојбите на пазарот со производи од пчели и обезбедувањето на потребни податоци за планирање, спроведување и проценка на поставените цели и политики.

1.6. Системот за идентификација и регистрација на фармските[49] и други животни[50] е уреден со Закон за идентификација и регистрација на животните, врз основа на кој е донесен Правилникот за начинот и постапката за идентификација и регистрација на пчелите[51]. Надлежен орган за спроведување на стручните и управните работи утврдени со наведениот закон е АХВ, а спроведувањето на системот на идентификација и регистрација на животните го вршат ветеринарните друштва овластени од АХВ по склучен договор. Со правилникот поконкретно е уредена содржината и начинот на водење на Електронската база на податоци, податоците кои одгледувачите треба да ги достават до АХВ, начинот на известување до Електронската база на податоци, начинот, содржината и зачестеноста на правење на попис на пчеларникот и друго.

Со извршената ревизија на одредбите од наведениот закон и правилник ревизијата ги утврди следните состојби:

- во законот и правилникот, определено е одгледувачите на животни, помеѓу кои е и пчеларот, самите да извршат попис на животните на нивното одгледувалиште/пчелните семејства, секоја година со состојба на 1-ви април. Податоците од извршениот попис, одгледувачот ги внесува во пропишан „Образец за спроведување на попис на пчелните семејства во одгледувалиште“[52], ја потврдува веродостојноста на внесените податоци во образецот со свој потпис и во рок од 30 дена (до 30.04) го доставува образецот до овластеното ветеринарно друштво, кое го верификува приемот на образецот со свој потпис, печат и дата на прием, без притоа да има обврска податоците да ги потврди со увид на одгледувалиштето. Овластеното ветеринарно друштво ги внесува податоците за бројот на пчелни семејства од образецот во Електронската база на податоци[53], веднаш, но не подоцна од пет (5) дена од приемот на податоците (најдоцна до 05.05). Одредбите за вршење попис содржани во законот и правилникот за идентификација и регистрација не се во согласност со законските и подзаконските акти со кои е уреден начинот на вршење попис, според кои лицето директно поврзано со предметот на попис, не треба да е вклучено во вршењето на пописот,
- согласно Законот за идентификација и регистрација на животните „*средства за поединечна и групна идентификација за животните*“, претставуваат еден од елементите на системот на идентификација и регистрација на животните, кои можат да бидат ушни маркици, тетоважи, средства за електронска

[49] во член 3 став 1 од Закон за идентификација и регистрација на животни поимот „*фармско животно*“ е животно од видот говеда, вклучувајќи ги видовите биволи (Bubalus bubalis) и бизони (Bison bison), свињи (животни од фамилијата Suidae) со исклучок на диви свињи и овци и кози кои се одгледуваат на одгледувалиште,

[50] во член 3 став 2 од ЗИРЖ е дефинирано дека „друго животно“ е животно кое не е опфатено со терминот фармско животно

[51] „Службен весник на Република Македонија“ број 04/14, 61/14

[52] неговата форма и содржина е пропишана во Правилникот за начинот и постапката за идентификација и регистрација на пчелите и е Прилог 3 кон наведениот правилник. Во член 4 точка 7 од правилникот е определено дека „...Образецот се состои од две копии од кои една за овластеното ветеринарно друштво и една за одгледувачот. Копијата за одгледувачот претставува составен дел на Регистарот на одгледувалиште на пчели и треба да се чува најмалку три години од денот на извршување на пописот“.

[53] ја воспоставува и ја води АХВ, определено во член 11 од Законот за идентификација и регистрација на животните

идентификација и други средства. Во законот, како средство за идентификација, на одгледувалиштето на пчели/пчеларник, е определено дека е „*идентификациска табла на одгледувалиште*". Напоменуваме дека во законот помеѓу останатото е предвидено и „средство за групна идентификација" кое е најсоодветен начин на идентификација на пчелата, преку одбележување на кошницата во која се наоѓа пчелното семејство, но тој вид на средство и начин за идентификација за пчелата/пчелното семејство, не е наведен во делот на законот во кои се определени средства за идентификација соодветни за секој вид животно.

Наведените состојби создаваат можност од субјективен пристап во постапката на вршење попис и утврдување на бројот на пчелни семејства во рамките на едно одгледувалиште на пчели на годишно ниво, што влијае на постоење ризик од отсуство на точни и веродостојни податоци содржани во Електронската база на податоци која е составен дел на Информациониот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство (ИСАХВ). Постоењето на субјективизам особено се потенцира во услови на не извршување на законски определени задолжителни инспекциски контроли од страна на АХВ, за што е детално наведено во точка 1.7. од овој извештај. Важноста од располагање со точни и прецизни податоци во наведената база произлегува од фактот што податоците за вака утврдениот број на пчелни семејства, понатаму АХВ ги доставува до АФПЗРР која ги користи за исплата на финансиска поддршка за пчеларите.

Во прилог на наведеното е и содржината на писмениот допис[54], со кој АХВ по претходно барањето од АФПЗРР доставува податоци за регистрираните одгледувачи на пчели со бројна состојба на пчелните семејства по извршениот попис на 01.04.2018 година. Во дописот АХВ наведува дека ......„*Ви напоменуваме дека одгледувачите на пчели сами ги пријавуваат податоците за бројната состојба на пчелните семејства до надлежното ветеринарно друштво со кое имаат склучено договор и поради ова податоците за бројната состојба на пчелните семејства во ИСАХВ не мора да кореспондираат со фактичката состојба на лице место во одгледувалиштата за пчели*"...

Ревизијата ја обелоденува доставената претставка во врска со неисплатените субвенции за презимени пчелни семејства по годишната Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година, на група од 36 пчелари (или за 2.392 презимени пчелни семејства) од Демир Хисар. Претставката е поднесена од страна на Сојузот на пчеларски здруженија до АФПЗРР преку МЗШВ, а за истата е запознаена и АХВ. Според податоците од Електронската база на податоци, утврдивме дека на група од 36 пчелари во претходни години им е доделен „Единствениот регистарски број на одгледувалиште (РБО-то)" со што истите се запишани во базата, без притоа од страна на надлежно ветеринарно

[54]архивиран во АХВ под број 12-2889/2 од 31.08.2018

друштво на територијата на општината Демир Хисар да бидат внесени и податоци за бројот на презимени пчелни семејства по извршениот попис на 01.04.2018 година. Поради не внесените податоци од страна на ветеринарно друштво, на ниту еден пчелар од општината Демир Хисар не се исплатени субвенции за 2018 година. Доколку се земе предвид податокот со кој располагаат пчеларите, односно дека според пописот на 01.04.2018 година презимиле 2.194 пчелни семејства и доколку за секое пчелно семејство треба да се исплати субвенција од 600 денари, не е исплатен вкупен износ на финансиска поддршка од 1.316 илјади денари, односно просечен износ од 36,5 илјади денари на секој пчелар.

Податоците за бројот на пчелни семејства содржани во Електронската база на податоци која е составен дел на Информациониот систем на АХВ (ИСАХВ) не се единствени податоци на ниво на РСМ, бидејќи со податоци за бројот на пчелни семејства на годишно ниво располага и ДЗС. Токму податоците за бројот на пчелни семејства од ДЗС ги користи МЗШВ и истите ги објавува во НСЗРР за периодот 2014-2020 и во Годишните извештаи за земјоделство и рурален развој, а со тоа ги зема предвид за потребите на креирање на политиките за земјоделството и руралниот развој, односно за пчеларството.

Со извршената споредба на податоците за бројот на пчелни семејства во Информациониот систем на АХВ и податоците од ДЗС, ревизијата утврди разлики кои секоја наредна година се зголемуваат, односно АХВ има евидентирано поголем број на пчелни семејства од нивниот број во ДЗС, детално прикажано во табелата подолу:

**Број на пчелни семејства**

| **Извор на податоци** | **2016 година** | **2017 година** | **2018 година** | **2019 година** |
|---|---|---|---|---|
| Агенција за храна и ветеринарство попис на 01.04. | 239.216 | 233.835 | 243.492 | 253.489 |
| Државен завод за статистика | 81.476 | 75.406 | 81.197 | Нема податок |
| ***Разлика во бројот на пчелни семејства*** | ***157.740*** | ***158.429*** | ***162.295*** | |

И покрај постоењето на голема разлика во бројната состојба на пчелните семејства на годишно ниво, не се преземени активности од страна на надлежните институции МЗШВ, АХВ, АФПЗРР и ДЗС, за утврдување на причините ниту активности за утврдување на точниот број на пчелни семејства во РСМ, имајќи предвид дека располагањето со усогласени и точни податоци има големо значење за унапредување и развој на пчеларството во земјата.

Методологијата, дефинициите и стандардите на ДЗС, со кои се обезбедени и обработени статистички податоци, меѓу кои и податоците за бројот на пчелните семејства, се во согласност со Законот за државната статистика, статистичката пракса во РСМ, како и со препораките на Статистичката служба на Европската Унија - EUROSTAT и Светската организација за храна и земјоделство - FAO.

Податоците се прибираат со Анкета за бројот на добитокот, односно со примерок подготвен од Статистичкиот регистар на индивидуални земјоделски стопанства, со состојба на 10 ноември. Примерокот опфаќа 625 статистички кругови во кои се анкетирани 5.000 индивидуални земјоделски стопанства на територијата на целата земја, што изнесува околу 6% од вкупниот број на индивидуални земјоделски стопанства што одгледуваат добиток. Оценките во Анкетата за добиток, генерално, се во форма на тотали и просеци и се пресметуваат и нивните релативни грешки.

Согласно презентираните податоци од ДЗС, релативните стандардни грешки изразени во проценти (%) за видовите добиток: говеда, свињи, овци, живина, кози и други, се движи од најниска грешка од 5,3% до највисока од 10.2%. додека за пчелните семејства, истите се повисоки и изнесуваат 21% во 2016 година, 20% во 2017 година и 25% во 2018 година.

Исто така ДЗС прибира, обработува и располага со официјални статистички податоци за „биланс на добитокот“ што претставува опфат на стадото во текот на годината во која се регистрираат промените во бројната состојба на добитокот, на почетокот на годината, нивното движење во текот на годината (приплодено, купено, продадено, заклано и угинато) и бројот на крај на годината. Податоци за „биланс на добитокот“ ДЗС има за одредени видови на добиток, но не и за пчелните семејства.

Имајќи ги предвид високите релативни грешки утврдени од страна на ДЗС во постапката на утврдување на бројот на пчелните семејства на годишно ниво, како и отсуството на податоци за билансот на пчелни семејства може да има влијание на постоење на големи разлики, во бројот на пчелни семејства на годишно ниво според податоците на ДЗС и евиденциите на АХВ што упатува на потребата од утврдување на причините за големите разлики нивно надминување, со цел обезбедување и располагање со пореални и поточни податоци за бројот на пчелни семејства.

ДЗС располага и со податоци за количините на произведен мед во РСМ кој извор на податоци е содржан во Годишните извештаи за земјоделство и рурален развој изработени од страна на МЗШВ. Со извршената споредба на обезбедените податоци од ДЗС, за бројот на пчелни семејства и податоците за количината на производство на мед за период 2016-2018 година, (детално наведени во табелата подолу), констатиравме дека зголемувањето на бројот на пчелни семејства на годишно ниво не е проследено со соодветно зголемување и на количината на произведениот мед, која бележи тренд на опаѓање. Имено годишното производство на мед во 2018 година е намалено за 43% во споредба со 2016 година.

**Број на пчелни семејства и производство на мед**

| Година | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| Број на пчелни семејства | 81.476 | 75.406 | 81.197 |
| Производство на мед (во тони) | 834 | 395 | 475 |
| Просек по пчелно семејство (кг) | 10 | 5 | 6 |

Земајќи ги предвид само статистичките податоци, истите упатуваат на не целосна реализација на стратешката цел за пчеларството определена во Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2014-2020 година, а тоа е „*зголемување на бројот на пчелните семејства и приносите, што треба да резултира со поголемо производство на мед во однос на изминатиот период*“. Во исто време, истакнуваме дека намалувањето на производството на мед е комплексно прашање на кое може да влијаат повеќе фактори и тоа: не изработениот и не воспоставениот катастар на пчелна паша, како и влијанието на климатските промени, болестите и пестицидите врз пчелите.

1.7. Агенција за храна и ветеринарство е надлежна институција за вршење на инспекцискиот надзор за спроведување на одредбите на Законот за идентификација и регистрација на животните и прописите донесени врз основа на истиот. Согласно законот, инспекцискиот надзор треба да го вршат вработените, официјални ветеринари, кои треба да утврдат и обезбедат правилно спроведување на системот за идентификација и регистрација на животните, со извршување на задолжителни инспекциски контроли по претходно донесен годишен план.

Со извршената анализата на доставената документација ги утврдивме следните состојби:

- АХВ нема донесено подзаконски акт за содржината и формата на записникот за инспекциска контрола, начинот на извршување на инспекциската контрола.

Во фазата на известување од извршената ревизија донесен е нов Закон за инспекциски надзор, во кој е предвидена формата и содржината на записникот за извршена инспекциска контрола,

- во периодот од 2016 до 2018 година, планирани се околу 2.400 инспекциски контроли кај одгледувалишта на пчели, но истите не се спроведени.

Од раководните лица на АХВ беше образложено дека планираните инспекциски контроли не се вршени во наведениот период поради ограничени човечки ресурси, кои во наведениот период биле алоцирани на друг вид приоритетни контроли.

Освен обврската за вршење задолжителни инспекциски контроли од страна на АХВ, и АФПЗРР согласно Законот за земјоделство и рурален развој, е надлежна да врши административни контроли и контроли на самото место, со цел усогласување на податоците од барањата за директни плаќања со пропишаните услови за доделување на истите. Административните контроли согласно законот

се изведуваат со употреба на бази на податоци, регистри и системи од ИСАК[55] и спoредбена проверка, на бројот на декларирани животни (пчелни семејства), наведен во барањето за директни плаќања на одгледувачите на пчели и нивниот број според податоците од Електронската база на податоци за идентификација и регистрација на животните, кои податоци ги доставува АХВ.

Во пракса АФПЗРР спроведува ex-ante контроли, односно контроли пред исплата на финансиска поддршка.

По спроведените административните контроли, АФПЗРР во текот на годината треба да врши и контроли на самото место, кои согласно Законот за земјоделство и рурален развој опфаќаат само 5% од сите земјоделски стопанства кои поднеле барање за директни плаќања.

Во периодот од 2016 до 2018 година, Секторот за контрола на терен при АФПЗРР има спроведено контроли на само место со кои се опфатени и дел од одгледувачите на пчели кои поднеле барање за директни плаќања. Констатирани се определени разлики, односно бројот на пчелни семејства во барањето за директни плаќања е поголем од бројот на пчелни семејства утврден при вршење на контролата на само место, детално наведено во табелата подолу:

| Годин а | Број на пчелни семејства од барањето за директни плаќања доставен од одгледувачот на пчели до АФПЗРР | Број на пчелни семејства утврден од АФПЗРР од извршена контрола на само место на одгледувалиштето на пчели | Констатирани разлики |
|---|---|---|---|
| 2016 | 3.341 | 3.126 | 215 |
| 2017 | 3.345 | 3.243 | 102 |
| 2018 | 29.625 | 27.026 | 2.599 |

АФПЗРР иако нема законска обврска да ја известува АХВ за констатираните разлики во бројот на пчелни семејства од спроведените контроли, во пракса ја известува АХВ само доколку барателот на финансиска поддршка/пчеларот не извршил попис на презимениот број на пчелни семејства. Имено, со допис од февруари 2019 година, АФПЗРР ја известила АХВ, дека кај пет (5) одгледувачи на пчели констатирала не извршен попис на бројот на пчелни семејства.

Не спроведените контроли на одгледувалиштата на пчели од страна на официјалните ветеринари вработени во АХВ како и не постоење законска обврска за размена на податоци помеѓу АФПЗРР и АХВ за утврдените разлики во бројот на констатирани пчелни семејства при контрола на самото место, имаат влијание на неможност од потврдување на точноста и веродостојноста на податоците со кои располага АХВ, а кои се еден од основите за исплаќање на финансиска поддршка на одгледувачите на пчели во надлежност на АФПЗРР.

## 2. Област 2 - Мерки за пчеларството содржани во Годишните програми за финансиска поддршка во земјоделството и Годишните програми за финансиска поддршка на руралниот развој

[55] Интегриран систем за администрација и контрола при АФПЗРР

2.1. Согласно Законот за земјоделство и рурален развој, надлежен орган за креирање, следење и проценка на влијанието на мерките и политиките од областа на земјоделството и руралниот развој е МЗШВ, а вршењето на исплата на средства по наведените мерки и спроведување контролата е во надлежност на АФПЗРР.

Понатаму, согласно законот, АФПЗРР треба да води евиденција за реализираните средства по мерки, кои се спроведуваат преку две програми:

- Годишна програма за финансиска поддршка во земјоделството, за чија реализација Владата секоја година донесува Уредба[56] во која ги утврдува критериумите за начинот и максималните износи на директните плаќања за определени мерки и подмерки, заради спроведување на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој и
- Годишна програма за финансиска поддршка на руралниот развој, за чија реализацијата МЗШВ има донесено два правилника[57] во кои се утврдени условите и висината на прифатливите трошоци за користење на мерките и подмерките.

Со наведениот закон исто така е уредено дека АФПЗРР доставува податоци до МЗШВ на секои три месеци и до Владата, еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

Со увид во документацијата констатиравме дека МЗШВ нема донесено акт со кој ќе се утврди видот на податоците, начинот на нивното собирање и доставување, поради што од 2010 година кога е донесен наведениот закон и понатаму, до периодот на вршење на ревизијата. Имено воспоставена е пракса АФПЗРР до МЗШВ да доставува одредени барани податоци по динамика, вид, содржина и начин согласно усното или писменото (допис или мејл) барање на истите доставено од страна на министерството до одреден вработен од АФПЗРР.

Истакнуваме дека АФПЗРР, согласно член 14 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој доставува до Владата полугодишни и годишни извештаи за реализацијата на Годишната програма за финансиска поддршка во земјоделството. Наведената состојба влијае МЗШВ и Владата на РСМ да не располагаат со целосни, навремени податоци за исплата на средства по мерките, контролата, потребни за пореално планирање, следење на спроведувањето и процена на влијанието на мерките и инструментите врз законски определените цели на националната политика во областа на земјоделството на РСМ, а со тоа и за мерките и политиките од областа на пчеларството.

[56]Уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директни плаќања

[57] Правилник за поблиските критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој „Службен весник на Република Македонија" број 124/11, 80/13, 35/16, 101/17, 162/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 100/19 и 215/19) и Правилник за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка развој „Службен весник на Република Македонија“ број 124/11, 80/13, 72/14, 88/15, 35/16, 59/16, 178/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 77/19, 214/19

За надминување на наведената состојба истакнуваме дека од април 2019 година отпочнати се активности во рамките на IPA II 2015 проект со наслов „Прилагоден софтвер за Интегриран систем за администрација и контрола за поддршка во земјоделството и руралниот развој“ кој е финансиран од Европската Унија. Имплементацијата на истиот предвидено е да се спроведе во период од 24 месеци со цел на МЗШВ да и се овозможи пристап до стандардни групи на извештаи/податоци кои ги води АФПЗРР, а се однесуваат на индикаторите поврзани за спроведување на мерките за поддршка во земјоделството и руралниот развој.
Со воспоставувањето на пристапот МЗШВ ќе може да ги превзема податоците по електронски пат во секое време, со што ќе престане потребата од доставување на истите на друг начин, по што ќе следи и потреба од измена на оваа законска обврска. Во таа насока во тек е подготовка на измени на Законот за земјоделство и рурален развој.

Со извршениот увид во доставената документација поврзана со реализацијата на мерките и подмерките од областа на пчеларството предвидени со годишните програми за земјоделство и рурален развој утврдивме состојби презентирани подолу:

**Годишна програма за финансиска поддршка во земјоделството**

Во Годишната програма за финансиска поддршка во земјоделството, за мерките за поддршка на земјоделските стопанства - директни плаќања за сточарско производство содржани се две подмерки поврзани со пчеларството и тоа:
- директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство и
- дополнителни директни плаќања за пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици.

Средствата за реализација на мерките и подмерките дефинирани со Годишната програма се извршуваат преку раздел 140.04 – АФПЗРР, програма 2 - Финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, потпрограма 20 - Финансиска поддршка во земјоделството, ставка 464 – Разни трансфери.

Со извршената ревизија на Годишната програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2016, 2017 и 2018 година и поткрепувачката документација поврзана со истата, констатиравме дека:
- годишната програма содржи само збирен, вкупен износ на средства за мерката за поддршка на земјоделските стопанства - директни плаќања за сточарско производство, без расчленување на поединечни износи за секоја подмерка. Наведениот начин на искажување не обезбедува податоци за поединечни износи на средства за двете подмерки за пчеларството, ниту можност за следењето на нивната реализација, односно утврдување дали планираните годишни износи за подмерките за пчеларството се реализирани;

- постои голема разлика, односно намалување, на првично определениот вкупен износ на средства во годишната програма за мерката за поддршка на земјоделските стопанства - директни плаќања за сточарско производство во однос на нивниот вкупен износ на крајот од годината, и тоа:
    - ✓ во годишната програма за 2016 година првично е определен износ од 1.011.400 илјади денари, а со четири (4) измени истиот е намален на 110.000 илјади денари;
    - ✓ во 2017 година е утврден износ од 1.181.000 илјади денари, а после четири измени е намален на 210.000 илјади денари,
    - ✓ најголема разлика има во 2018 година за која првично утврдениот износ од 1.100.000 илјади денари со една измена и дополнување изнесува илјада денари.

  Честите измени и дополнувања на годишните програми создаваат ризик од недостаток на средства за целосна реализација на планираниот износ на средства за наведената мерка и подмерките за пчеларство. Недостатокот на средства за одредена подмерка на крајот на година се обезбедува со пренамена, и со пренесување во обврски за следна година;
- во вкупниот износ на годишните програми, високо е учеството на збирно искажаниот износ на неподмирените обврски од претходни години, кој за периодот 2016-2018 година во просек е околу 70% и е со тенденција на постојано зголемување секоја наредна година што има влијание и врз постојаното зголемување на вкупниот годишен износ на програмите секоја следна година. Со нивното збирно искажување не се обезбедуваат податоци за нивната старосна структура по износи за секоја години и нема податоци за износи по мерки и подмерки.

  Со увид во презентираната интерна евиденција на име прогноза на пренесени обврски утврдивме дека:
    - ✓ во програмата за 2016 година се содржани пренесените обврски за нереализирани средства за мерки и подмерки од програмите од претходните четири (4) години, односно од 2012 до 2015 година,
    - ✓ во програмата за 2017 се пренесени обврски за мерки и подмерки од 2013 до 2016 година и
    - ✓ во програма за 2018 се пренесени обврски за мерки и подмерки од 2014 до 2017 година помеѓу кои се износите за подмерките за пчеларството;




- реализацијата на мерките по оваа програма се врши со поднесување на барање до АФПЗРР, по претходно објавен јавен повик, по кој се носат решенија за исплата или решенија за одбивање на барањето од корисниците. Со Законот за земјоделство и рурален развој пропишан е рокот за исплата на директните плаќања, согласно кој *„...исплатата на средствата по основ на директни плаќања да се врши директно на земјоделските стопанства, во тековната календарска година, или во случај на недостаток на финансиски средства или поради продолжено траење на административните постапки од објективни причини, најдоцна до 30 јуни следната календарска година“.* Со увид во документацијата и исплата на средствата констатиравме дека наведениот рок не се почитува. Исто така во Законот за основање на АФПЗРР[58], определено е дека најдоцна во рок од три месеца од денот на приемот на барањето потребно е да се изготват решенијата за исплата средствата наменети за директните плаќања, кој рок исто така не се почитува. Како причини поради кои не се почитуваат законски определените рокови, од страна на АФПЗРР посочени се: чести промени на програмите со кои се воведуваат нови мерки и подмерки, невалидни лични податоци на корисниците кои ги наведуваат во барањето, како и недоволно буџетски средства за реализација на годишните програми. Воедно врз почитувањето на законски утврдениот рок на исплата на програмата има влијание и тоа што Годишните програми за финансиска поддршка во земјоделството се носат на годишно ниво, а се реализираат следната календарска година согласно календарот за исплата содржан во истите. Имено годишните програми содржат преглед со детални рокови само за почетокот на исплата на средствата по мерки и подмерки, согласно кој почетокот на исплата за одредени мерки и подмерки е блиску до законски определениот краен рок за исплата.

Погоре наведените состојби влијаат на отсуство на точни и прецизни и

[58]член 18 став 1 од Законот за основање на АФПЗРР

транспарентно искажани податоци за планираниот, програмски определениот износ на средства по подмерки, а со тоа и за подмерките за пчеларството и неможност од следење на нивната реализација. Не навремената исплата на директните плаќања на пчеларите, влијае врз ефективно исполнување на поставените цели, мерките и инструментите за државна поддршка на доходот на земјоделските стопанства.

Во текот на вршење на ревизијата од страна на АФПЗРР презентирани се податоци за исплатените парични средства во период 2016-2018 година, за двете подмерки за пчеларството кои во вкупен износ од 403.180 илјади денари односно поединечно за подмерката - директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство во вкупен износ од 402.640 илјади денари и за подмерката - дополнителни директни плаќања за пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици во вкупен износ од 540 илјади денари.

Динамиката на вршење исплати за двете подмерки во пчеларството, за годините 2016, 2017 и 2018 година, заклучно со исплатите од месец јуни 2019 година, детално се прикажано во прегледите подолу:

*Реализирани средства по програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година*

во 000 денари

| ПОДМ ЕРКА | НАЗИВ НА ПОДМЕРКАТА | ИСПЛАТЕН ИЗНОС 2016 | ИСПЛАТЕН ИЗНОС 2017 | ИСПЛАТЕН ИЗНОС 2018 | ИСПЛАТЕН ИЗНОС 2019 | ИСПЛАТЕН ИЗНОС 2016-2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.20 | Директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство | 0 | 135.257 | 527 | 0 | 135.785 |
| 2.21 | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.20 за пчелни семејства вклучени во селекција за произбодство на пчелни матици | 0 | 0 | 320 | 0 | 320 |
| **ВКУПНО** | | **0** | **135.257** | **847** | **0** | **136.105** |

*Реализирани средства по програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година*

во 000 денари

| ПОДМЕРКА | НАЗИВ НА ПОДМЕРКАТА | ИСПЛАТЕН ИЗНОС 2017 | ИСПЛАТЕН ИЗНОС 2018 | ИСПЛАТЕН ИЗНОС 2019 | ВКУПНО ИСПЛАТЕН ИЗНОС 2017-2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.20 | Директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство | 0 | 130.952 | 213 | 131.165 |
| 2.21 | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.20 за пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици | 0 | 0 | 220 | 220 |
| **ВКУПНО** | | **0** | **130.952** | **433** | **131.385** |

*Реализирани средства по програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година*

во 000 денари

| ПОДМЕРКА | НАЗИВ НА ПОДМЕРКАТА | ИСПЛАТЕН ИЗНОС 2018 | ИСПЛАТЕН ИЗНОС 2019 | ВКУПНО ИСПЛАТЕН ИЗНОС 2018-2019 |
|---|---|---|---|---|
| 2.18 | Директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство | 0 | 135.690 | 135.690 |
| 2.19 | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.18 за пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | | **0** | **135.690** | **135.690** |

**Годишна програма за финансиска поддршка на руралниот развој**

Во донесените годишни програми за финансиска поддршка на руралниот развој за 2016, 2017 и 2018[59] година во рамки на мерката 121 - „Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства" предвидени се средства наменети за доделување на неповратна финансиска поддршка за набавка на пчелни матици и опрема во пчеларството.

Реализацијата на мерките за доделување на финансиска поддршка се врши со поднесување на барање до АФПЗРР по претходно објавен јавен повик и склучен

[59]Во Годишната програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ број 6/16, 176/16, 64/16, 190/16“) предвидена е мерката *Набавка на пчелни матици и опрема за пчеларство*, во Годишната програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ број 192/16, 7/17, 44/17, 100/17, 166/17, 190/17) предвидена е мерката *Набавка на пчелни матици*, а во Годишна програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ број 16/18, 100/18, 127/18, 172/18, 193/18, 231/18, 239/18) мерката *Набавка на пчелни матици, пчелни роеви и опрема во пчеларството*

договор со корисниците на кои им е одобрено барањето, а исплатата на средствата е по целосна реализација на инвестицијата согласно принципот на кофинансирање. Износот на ставката на кофинансирање е во висина од 50% од направените прифатливи трошоци[60], но во одредени случаи согласно законот истата може да биде и повисока и тоа:

- 55% од прифатливите инвестициски трошоци во случај кога носителот на инвестицијата е млад земјоделец,
- 60% доколку инвестицијата е во подрачја со ограничени можности за земјоделско производство,
- 65% во услови кога носителот на инвестицијата е млад земјоделец и истата е во подрачја со ограничени можности за земјоделско производство и
- 75% од прифатливите трошоци кога инвестицијата е во недостапни рурални заедници[61].

Од страна на АФПЗРР во 2016 година објавен е јавен повик за доделување на финансиска поддршка за подмерката 121.2 - Набавка на пчелни матици и опрема за пчеларство предвидена со Годишната програма за 2016 година, во износ од 27.500 илјади денари. Од извршениот увид во дел од постапките за доделување на финансиска поддршка и обезбедените документи за истите утврдивме дека:

- решенијата за одобрување на финансиска поддршка се донесуваат по истекот на законски предвидениот рок. Имајќи го во предвид наведеното, краен рок за поднесување на барања по објавениот јавен повик во 2016 година е 10.03.2016 година, а АФПЗРР имала обврска за издавање и доставување на решенија за одобрување заклучно со 10.06.2016 година, кој рок не е почитуван и е надминат, односно истите се донесени со задоцнување од пет до шест месеци;
- исплатата на финансиска поддршка во дел од постапките се врши по истекот на законски утврдениот рок[62], односно подоцна од три месеца од денот на поднесувањето на барањето за исплата.

Истакнуваме дека и покрај тоа што во донесените Годишни програми за финансиска поддршка во руралниот развој за 2017 и за 2018 година предвидени се средства за доделување на финансиска поддршка за пчеларството, во износ од 25.288 илјади денари за 2017 година и 5.000 илјади денари за 2018 година, од страна на АФПЗРР во наведените години, не се објавени јавни повици за прибирање на барања по основ на истите.

Во текот на вршење на ревизијата објавен е јавен повик за доделување на финансиска поддршка за подмерката 121.3 – Набавка на пчелни матици и пчелни роеви согласно Годишната програма за 2019 година, кој е во тек.

Наведените состојби ја доведуваат во прашање навремената реализацијата на предвидените мерки и подмерки од областа на пчеларството и искористувањето на средствата за предвидените намени и влијаат врз ефективноста на креираните политики за поттикнување и развој на пчеларството.

[60] член 70 став 9 и член 92 од Закон за земјоделство и рурален развој
[61] член 94 од Закон за земјоделство и рурален развој
[62] определено во член 21 став 5 од Законот за основање на АФПЗРР

## 3. Област 3 – Климатски промени, болести и пестициди и нивното влијание врз пчелата и медот

*„Има промени во земјоделската средина, се повеќе се загрозени пчелите и другите опрашувачи. Главни проблеми се зголеменото присуство на интензивно земјоделство, значителна употреба на пестициди, глобалните климатски промени како и новите пчелни болести и штетници што главно се резултат на глобализацијата“*[63].

**Климатски промени**

3.1. Значењето, влијанието и проблемите од климатските промени се актуелни теми и состојби на светско ниво, а секоја земја презема соодветни активности за ублажување на проблемите од негативното влијание на климатските промени. Во таа насока и нашата земја пристапила кон ратификација на Рамковната конвенција на ОН за климатски промени UNFCCC на 04.12.1997, на 28.04.1998 година станала странка кон конвенцијата, во јуни 2004 го ратификувала Протоколот од Кјото, во ноември 2017 година го ратификувала парискиот договор, во јули 2019 е ратификуван амандманот од Доха кон UNFCCC, а дополнувањето од Кигали кон UNFCCC е во процес на ратификација.

РСМ, како држава која не влегува во групата на Анекс I држави во рамките на UNFCCC и не влегува во групата на Анекс B држави од Протоколот од Кјото, ги дели само општите цели и принципи на Конвенцијата, а тоа е да придонесува кон обезбедување стабилизација на концентрациите на стакленичките гасови во атмосферата на ниво кое би ги превенирале негативните антропогени влијанија врз климатскиот систем (односно нема квантифицирани обврски за редукција на емисиите на стакленичките гасови).

Иако РСМ, е земја која не е дел од наведените анекси во UNFCCC, таа исто така е и земја кандидат за членство во ЕУ, и поради тоа мора да се придржува до Политиката на ЕУ за клима и енергија.

Креирањето на политиките за климатските промени во РСМ, е во надлежност на МЖСПП[64], а ова министерство, е и национално тело за контакт кон Рамковната конвенција на ОН за климатските промени (UNFCCC)[65]. Во 2006 министерството е

[63]констатација наведена во Декларацијата од ден 26.08.2018 година, потпишана од пчеларски асоцијации од земјите на Балканот - Босна и Херцеговина, Македонија, Словенија, Србија, Црна Гора, Хрватска и Бугарија

[64]другите министерства кои имаат надлежности во врска со климатските промени се Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство и Министерството за финансии. Националниот комитет за климатски промени (НККП) обезбедува поддршка и насоки на високо ниво за севкупните политики за климатските промени во земјата, а Националниот совет за одржлив развој советува за економски прашања

[65]Република Македонија на 04.12.1997 година ја ратификувала Рамковната конвенција на ОН за климатски промени (UNFCCC)

назначено за национален орган[66] на земјата за спроведување на Протоколот од Кјото[67].

Правната рамка за прашањата поврзани со климатските промени се одредбите од Законот за животна средина, кој вклучува и акционен план на мерки и активности за намалување на порастот на емисиите на стакленички гасови и за ублажување на неповолните влијанија од климатските промени.

Со наведениот закон уредена е обврската за донесување на Национален план за климатските промени, за период од шест (6) години од страна на Владата на РСМ, на предлог на МЖСПП. Наведениот план согласно законот се донесува заради стабилизирање на концентрациите на стакленичките гасови, на ниво со кое што би се спречило опасното антропогено влијание во климатскиот систем во временска рамка доволна за да им се овозможи на екосистемите природно да се адаптираат на климатските промени, Законот определува дека во неговата изработка, вклучени се повеќе органи[68], а истиот се изработува согласно со усвоените документи на Рамковната конвенција на Обединети нации за климатски промени.

Процесот за подготовка на Националните планови и двогодишните извештаи за UNFCCC го предводи МЗШВ, а до денес, изработени се Прв, Втор и Трет Национален план за климатски промени ( 2003 година, 2008 година и 2014 година), и Прв и Втор ревидиран Извештај за климатски промени (2015 година и 2018 година). Истите се усвоени од страна на Владата на РСМ и доставени до Секретаријатот на UNFCCC. Во 2015 година се достави и т.н Национален придонес кон Договорот од Париз, а во почетна фаза на изработка се Четвртиот национален план и Третиот ревидиран извештај за климатски промени.

Националните планови обезбедуваат информации за инвентарот на стакленички гасови (GHG), мерки за ублажување на и адаптација кон климатските промени и сите други информации кои државата ги смета за релевантни за постигнување на целта на Рамковната конвенција на ОН за климатски промени.

До периодот на вршење на ревизија не се изработени закон и стратегија за климатските промени. За нивната изработка во рамките на инструментот на ЕУ за финансирање на претпристапна помош (ИПА II) програмиран е проект, кој треба да е усогласен со Рамката за клима и енергија на ЕУ до 2030 година.

За негативното влијание на климатските промени врз пчеларството, односно врз медоносната пчела на ниво на РСМ, досега не се спроведени соодветни истражувања и не е реализирана сеопфатна анализа на состојбата, заради што на

[66]врз основа на одлуката донесена од страна на Владата на Република Македонија на 103-та седница, одржана на 1 јуни 2006 година

[67]Република Македонија во јуни 2004 го ратификувала протоколот од Кјото со донесување на Закон за ратификација на Протоколот од Кјото кон Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени „Службен весник на Република Македонија“ број 49/2004

[68]и тоа: органот на државната управа надлежен за работите од: областа на животната средина, областа на земјоделството, шумарството и водостопанството; областа на заштита на природата; од областа на економијата; органот на државната управа надлежен за вршење на хидрометеоролошките работи, за вршење на работите од областа на транспортот и врските и за вршење на работите од областа на здравството

ниво на државата не е изготвен официјален документ од страна на научна институција или надлежен државен орган, со сите потребни податоци.

Исто така не се ниту отпочнати активности за подготовка на акционен план за спроведување на конкретни истражувања за негативното влијание на климатските промени, подготовка на предлог мерки, едукација на релевантните чинители и друго, се со цел превенирање од можни негативни последици од климатските промени врз пчеларството во РСМ.

3.2. Основите на функционирањето на хидрометеоролошката дејност во РСМ и надлежностите на УХМР за вршење на работите поврзани со истата, уредени се со Законот за хидрометеоролошка дејност. Наведената дејност, согласно законот, ги опфаќа работите поврзани со развојот и функционирањето на хидрометеоролошкото бдеење, истражување на атмосферата, климата, водите и почвата и работи на примена на метеорологијата и хидрологијата. Своите надлежности, УХМР ги реализира според годишни и повеќе годишни програми[69], донесени согласно законот, од страна на Владата на РСМ, по предлог на МЗШВ. Исто така од страна на УХМР донесени се и: Стратешки план за управата за хидрометеоролошки работи 2017-2019, од август 2016 година и Стратешки план за управата за хидрометеоролошки работи 2018-2020, од август 2017 година, како и други подзаконски акти.

Со увид во одредбите од Законот за хидрометеоролошка дејност, стратешките планови и други акти поврзани со хидрометеоролошката дејност, која ги опфаќа работите поврзани со климата, која има влијание врз пчеларството, со ревизијата ги утврдивме наведените состојби:

- УХМР е надлежна за утврдување, воспоставување, одржување, работа, заштита и развој на државна хидрометеоролошка мрежа која е воспоставена врз основа на Законот за хидрометеоролошките работи од интерес за целата земја, од 1988 година, кој е неважечки. Со донесувањето на Законот за хидрометеоролошка дејност во 2008 година, УХМР нема донесено нов правилник за критериумите за формирање мрежа и за начинот на работа на државната хидрометеоролошка мрежа на станици, која активност треба да се утврдува и извршува на начин и под услови пропишани со наведениот закон и во согласност со прописите и стандардите на Светската метеоролошка организација (СМО)[70].

  До периодот на вршење на ревизијата, УХМР има изготвено, нацрт Правилник за утврдување на мрежа и програма за работа на метеоролошките станици на територија на РМ, но истиот сеуште не е усвоен.
- УХМР не воспоставила Климатски информативен систем, не изработила Климатографија-Климатски атлас на Македонија и Агроклиматски атлас, а потребата и значењето за нивна изработка е содржано и во двата нејзини

[69]Програма за работи од областа на хидрометеоролошката дејност
[70] член 14 од Закон за хидрометеоролошка дејност

стратешки плана. Имено, согласно законот помеѓу останатите работите, во надлежност на УХМР се и работите на истражување на климата кои опфаќаат:

- истражување и следење на квалитативните карактеристики на климата;
- истражување на физичките основи на климата, следење на нејзините промени и колебања и развој на методи за прогнозирање на климата;
- истражување и следење на времето, водите и климата кои влијаат врз здравјето на луѓето, живиот свет и врз материјалните добра;
- истражувања во областа на агрометеорологија, биометеорологија и климатологија.

Во врска со наведеното и во двата стратешки плана е истакнато дека: ....*„еден од неповолните фактори кој треба да се истакне е тој што УХМР и после 55 години постоење, сеуште нема изработено комплетна Климатографија на Македонија. Денешните потреби кои се поставуваат пред Хидрометеоролошката служба на Македонија од областа на климатографијата се огромни. Такво капитално дело би било од непроценлива вредност за многу дејности и воопшто за развојот на целото општество во Македонија. Исто така на основа на изработен Агроклиматски атлас на Македонија, би требало да се изврши агроклиматска реонизација на Македонија. Со тоа земјоделските култури би се усогласиле со климатските услови, што би било огромен придонес на понатамошното интензивирање на земјоделското производство во Македонија. Ангажирањето на УХМР, во оваа област преставува огромен придонес во заштитата на земјоделските култури и зголемување на приносите*“. Изработката на климатографија на Македонија согласно стратешките планови треба да е врз основа на богат фонд на собрани агрометеоролошки податоци во текот на 50-ет годишниот период, добиени во основната мрежа на станици, а агрометеорологијата е активност која исто така се спроведува во последните 50-ет години во рамките на УХМР.

Потребата од градење и јакнење на капацитетот на УХМР е прва стратешка цел во Стратешки план за управата за хидрометеоролошки работи 2017-2019 и Стратешки план за управата за хидрометеоролошки работи 2018-2020, а унапредување на капацитетот на УХМР е истакнато и во Третиот национален план за климатски промени од декември 2013 година, во кој е наведено дека „Системот на мониторинг и набљудување има одредени ограничувања и недостатоци. Поради сè поголемата побарувачка од висококвалитетни климатски податоци постои потреба од унапредување на капацитетот на УХМР“ детално наведени во Прилог број 2 на овој извештај.

УХМР на 07.11.2016 година до Владата доставила „Информација за актуелната состојба на метеоролошката и хидролошката дејност во УХМР и потребата од техничко – технолошко опремување и модернизирање на капацитетите во системот за хидрометеоролошкиот мониторинг, климатските и прогностички анализи и услуги и раното предупредување за временски непогоди, поплави и катастрофи“, а детални податоци за дел од информацијата се наведени во Прилог број 3 на овој

извештај. Владата на 19.06.2017 година, ја известила УХМР со допис[71] дека *„доставената информација ... нема да се разгледува, со оглед дека не постои можност за обезбедување на дополнителни средства за модернизација на системот на хидрометеоролошки мониторинг, климатските и прогностички анализи и раното предупредување за временски непогоди, поплави и катастрофи согласно Мислењето од Министерството за финансии*“.

Во Информацијата УХМР наведува дека *„состојбите произлегуваат од недостиг на буџетски финансиски средства кои сукцесивно се намалуваат. Расположливите финансиски средства на УХМР се недоволни за редовно, професионално и ефикасно извршување на активностите поврзани со дејноста. Изминатите неколку години по ред (во принцип после секое поголемо невреме) се констатираат неповолните техничко технолошки состојби како и дефицитарноста со стручни, квалитетни инженерски кадри во УХМР. Три пати се доставува Информацијата за актуелната состојба на метеоролошката и хидролошката дејност во и модернизирање на капацитетите во системот на хидрометеоролошкиот мониторинг, климатските и прогностички анализи и услуги, и раното предупредување за временски непогоди, поплави и катастрофи до Владата на РМ со информација за состојбата и предлог мерки со финансиска конструкција. Последната доставена е проследена во март 2015 година. Треба да се посвети повеќе внимание за санирање и надградување на состојбите во УХМР особено кога општеството станува многу поранливо на екстремните и неповолни временски состојби кое е поврзано со севкупниот економски и општествен развој кој е евидентен и во нашата држава*“.

**Болести кај пчелите**

3.3. Одржувањето на здрави и продуктивни пчелни семејства во денешни услови преставува голем предизвик, имајќи во предвид дека во изминатите неколку децении идентификуван е значителен број на нови патогени болести чијашто појава резултира со смртни случаи на голем број пчелни заедници.

Болестите кои влијаат на пчелите не создаваат никакви последици по здравјето на луѓето, но несомнено предизвикуваат големи негативни ефекти врз современото пчеларство. Затоа, правилното, навремено идентификување на болестите и спроведувањето на соодветни процедури и мерки за да се спречи нивно појавување и контрола, се од големо значење за пчеларството, а со тоа и за економијата на секоја земја.

Вршењето на ветеринарната дејност во РСМ е уредено со Законот за ветеринарно здравство, кој е основен акт во ветеринарната област, а надлежностите за спроведување на одредбите од законот, вршење контрола и сузбивање на болестите кај животните е доделено на АХВ.

За третманот на болестите на пчелите во примена е Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на заразни болести на пчелите од 22 јануари 1988

[71] број 17-20/1-31 од 19.06.2017 година

година[72], донесен врз основа на Законот за заштита на животните од заразни болести што ја загрозуваат целата земја[73] од 1986 година, кој е вон сила. Наведениот правилник опфаќа мерки и активности за третирање на четири (4) заразни болести на пчелата и тоа: Американска чума на пчелно легло, Акароза, Ноземоза и Варооза. Од друга страна во објавената листата на болести на пчелите од Светската организација за здравствена заштита на животните-ОИЕ (Office International des Epizooties - OIE)[74] класифицирани се шест (6) болести на пчелите за кои државите членки имаат обврска да ги следат и да го пријават нивното појавување и тоа: Американска чума на пчелно легло, Европска чума на пчелно легло, Акароза, Етиниоза, Тропилелоза и Варооза.
Со оглед на фактот дека болестите се динамична категорија која постојано се менува во смисла на искоренување на некои болести, појава на нови како и можноста за нивно брзо ширење, не донесувањето на нов правилник со кој континуирано ќе се следат состојбите на светско ниво, има за ефект постоење ризик од појава и ширење на болести на пчелата во нашата земја, без уредување на начинот на нивно третирање и сузбивање.
Со увид во Годишната наредба за здравствена заштита на животните во 2020 година, објавена во Службен весник на Република Северна Македониј број 47 од 19.02.2020 година, ревизијата утврди дека предвидено е извршување на контрола на болестите Вароза или Ноземоза на пчелните семејства.

**Мерки и активности за здравствена заштита на пчелите**

Во РСМ, активности за здравствена заштита на животните во периодот од 2016 до 2018 година[75] во однос на пчелите се насочени исклучиво кон финансирање на мерките за сузбивање на заразната паразитна болест, Американска чума на пчелното легло, која се смета за најтешка болест на пчелното легло и на пчелното семејство воопшто.
Во насока на спречување на ширењето на болеста, во РСМ постои пропишана процедура за постапување во случај на сомнеж за постоење на истата. Согласно пропишаната процедура доколку со лабораториско испитување кое се спроведува во целост на товар на државата, се потврди присуството на Американска чума се врши уништување на сите заболените легла, по што одгледувачите чии пчелни семејства се уништени добиваат парично обештетување[76] од државата.

[72]„Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија“ број 6/88
[73]„Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија “ број 43/86
[74]Кодекс за здравствена заштита на животните (Terrestrial Animal Health Code) на Светската организација за здравствена заштита на животните (Office International des Epizooties – OIE) https://www.oie.int/en/animal-health-in-the-world/animal-diseases/diseases-of-bees/#B
[75]Годишна наредба за здравствена заштита на животните за 2016 година „Службен весник на Република Македонија” број 11/16, 82/16, Годишна наредба за здравствена заштита на животните за 2017 година „Службен весник на Република Македонија” број 24/16, 41/17 и Годишна наредба за здравствена заштита на животните за 2018 година „Службен весник на Република Македонија” број 7/18
[76]висината на износот за надомест на штета е утврден во „Упатство за определување на пазарната вредност на животните кои се одземаат заради сузбивање и искоренување на заразни болести на територијата на Република Македонија“ бр.02-2940/1 од 04.09.2018 година и изнесува максимум 5 илјади денари со вклучен ДДВ за уништена пчелна заедница и 2 илјади денари со вклучен ДДВ за уништени нуклеуси матичњаци.

Ваквите мерки на државата, со кои се овозможува бесплатно лабораториско дијагностицирање на болеста и надомест на штета, влијаат стимулативно врз одгледувачите на пчели за нивно поактивно вклучување во детектирањето и пријавувањето на болеста, со што се придонесува за поголема ефективност на системот за контрола и спречување на жариштата како извор на натамошното ширење на истата.

Врз основа на бараните и добиени податоци од Ветеринарниот институт, токму лабораториските испитувања на болеста Американска чума на пчелно легло учествуваат со најголем процент во вкупниот број на извршени испитувања на болести кај пчелите во периодот од 2016 до 2018 година, што графички е претставено подолу:




Во периодот од 2016 до 2018 година од вкупно извршени 1167 лабораториски испитувања за Американска чума на пчелно легло, во 61% од извршените испитувања утврден е позитивен резултат со кој се потврдува присуството на болеста. По основ на надомест на штета за уништени пчелни семејства заболени од оваа болест, во наведениот период од страна на државата исплатени се 3.734 илјади денари.

Од презентираните податоци, произлегува дека, со исклучок на Американската чума на пчелно легло, за останатите пчелни болести евидентен е малиот број на извршени  лабораториски испитувања, а за причината не добивме официјални податоци и информации од страна на надлежните институции.

Голем број на Европски држави имаат донесено посебни програми за Варооза со цел координирано и ефективно дејствување во борбата со оваа болест која значително влијае врз намалување на приносите на мед и предизвикува големи загуби на пчелните семејства доколку не се лечи.

Во нашата држава и покрај тоа што со Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој 2014-2020 е предвидено донесување на посебна Програма за сузбивање на Вароозата, констатиравме дека истата сеуште не е донесена.

Отсуството на програми со мерки и активности за превенирање, рано откривање, сузбивање на сите заразни болести кај пчелите, како и соодветно дејствување во случај на појава на истите, создава ризик од неможност за целосно ефективно

дејствување што може да предизвика негативни последици врз пчеларството во државата.

**Употреба на ветеринарно - медицински препарати**

3.4. Ефективното третирање и лекување на пчелните болести во голема мера зависи од достапноста и употребата на соодветни ветеринарно медицински препарати. Во спротивно нелегалната употреба на нерегистрирани препарати создава ризик поради недостиг на целосни информации за начинот на нивно користење, третманите со овие производи да бидат неефикасни или да предизвикаат негативни ефекти.

Во РСМ условите и постапките за производство, увоз, одобрување и ставање во промет на ветеринарно-медицинските препарати се уредени со Законот за ветеринарно медицински препарати, а надлежностите за спроведување и контрола на одредбите од наведениот закон се доделени на АХВ.

Согласно наведениот закон постапката за издавање на решение за одобрение за ставање во промет на ветеринарно медицински препарати се поведува со поднесување на барање од заинтересирано правно лице, при што трошоците за истата се во целост на товар на подносителот. По спроведување на законски предвидената постапка, АХВ донесува решение за одобрување или одбивање на барањето за ставање во промет на ветеринарно–медицински препарати во зависност од исполнетоста на потребните услови.

Врз основа на податоците добиени од АХВ и објавениот Список на ветеринарно-медицински препарати за кои е дадено решение за одобрение за ставање во промет[77], утврдивме дека на пазарот во нашата држава регистрирани се само два ветеринарно медицински препарати наменети за пчели кои се користат за лекување на болеста Varooза. Во оваа насока сметаме за потребно да истакнеме дека АХВ како надлежна институција не располага со податоци за нелегална продажба на ветеринарно медицински препарати за пчели на пазарот на РСМ.

Наведените состојби укажуваат дека мерките и активностите кои се преземаат во делот на здравствена заштита на пчелите од болеста Американска чума на пчелно легло имаат позитивно влијание врз одгледувачите на пчели истите навремено да го пријавуваат сомнежот за болеста кај надлежните институции. Сепак постои потреба од подобрување на системот на здравствена заштита на пчелите со зајакнување на активностите за координирано дејствување на надлежните институции и одгледувачите на пчели во делот на следење и размена на податоци за здравствената состојба на пчелите, пријава и навремено лабораториско дијагностицирање на појавата на болести, се со цел нивно ефективно третирање и спречување на нивното ширење.

**Пестицидите и нивното влијание врз пчелата и медот**

[77]„Службен весник на Република Македонија“ број 22/17

3.5. Со Законот за производи за заштита на растенијата, меѓу другото се уредува: одобрувањето, пласирањето на пазарот, употребата и контролата на производите за заштита на растенијата[78] и активните супстанции[79].

Со извршениот увид во одредбите од наведениот закон и презентираната документација поврзана со истиот го констатиравме следното:

- врз основа на законот, Фитосанитарната управа има обврска да изготви и во Службен весник на РСМ да објави Годишна Национална листа на одобрени производи и активни супстанции[80] и истата да ја разменува со релевантни регионални и меѓународни институции. Наведените законски барања целосно не се реализираат, бидејќи освен Националната листа на одобрени производи и активни супстанци, објавена во 2015 година[81] Управата не врши нејзино донесување и објавување во годините после 2015 година.

  Во текот на вршење на ревизијата презентирана е работна верзија на Националната листа на одобрени производи и активни супстанци која се користи за интерна употреба. Исто така согласно законот[82] МЗШВ, треба во Службен весник на РСМ, да ја објавува Листата Анекс 1 на Европската комисија[83] со сите нејзини измени. Нејзиното последно објавување во Службен весник е извршено пред девет години, односно во 2010 година[84].

  Не целосното почитување на одредбите од законот влијае на достапноста на податоците поврзани со називот на производите за заштита на растенијата и активните супстанци кои се одобрени, односно забранети за користење во РСМ.
- на територијата на РСМ, производ за заштита на растенијата не може да се произведува, пласира на пазарот и употребува ако не е одобрен согласно со Законот за заштита на растенијата. Фитосанитарната управа има дадено шест (6) одобренија за пуштање во промет на производ за заштита на растенијата, кои ја содржат активната супстанција „имидаклоприд“ (imidacloprid). Во издадените одобренија е наведено дека употреба на производ кој содржи „имидаклоприд“ е штетна за пчелите. Употребата на вакви производи е доуредена со Законот за производи за заштита на

[78]во член 2 точка 1 од Законот за производи за заштита на растенијата поимот *„Производи за заштита на растенијата”* е - активни супстанции и препарати што содржат една или повеќе активни супстанции, подготвени во форма во која се доставуваат до корисникот наменети за заштита на растенијата

[79]во член 2 точка 4 од Законот за производи за заштита на растенијата поимот *„Активни супстанци”* е - супстанци или микроорганизми вклучувајќи ги и вирусите кои имаат општо или специфично дејство против штетни организми или на растенија, делови на растенија или растителни производи

[80]во член 2 точка 20 од Законот за производи за заштита на растенијата поимот *„Национална листа на активни супстанции*" е - листа на активни супстанции кои се одобрени за користење во производи, а кои се применуваат за заштита на растенијата на територијата на Република Македонија од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно со овој закон. Националната листа на активни супстанции опфаќа: стари активни супстанции, нови активни супстанции и оние активни супстанции кои се во процедура за вклучување во Анексот 1

[81]„Службен весник на Република Македонија” број 100/15

[82] член 18 од Законот за производи за заштита на растенијата

[83]во член 2 точка 19 од Законот за производи за заштита на растенијата поимот *„Листа на активни супстанции*" се - активни супстанции кои се одобрени за користење во производи што се применуваат за заштита на растенијата на територијата на Европската унија со дефинирани услови во одлука за користење, објавени согласно со Анексот 1 од Директивата 91/414 (во натамошниот текст: Листа Анекс 1)

[84]„Службен весник на Република Македонија” број 159/10

растенијата, во кој е наведено дека „*физичките или правни лица кои извршуваат третирање на производи и други производи на отворено не смеат да ги применуваат производите кои според одобрението се означени како токсични за пчелите освен, доколку ги има известено најмалку 48 часа пред користењето, одгледувачите на пчели или асоцијација на одгледувачи за пчели и органите на единиците на локалната самоуправа надлежни за преземање на мерки за заштита на пчелите и средствата за јавно информирање*“. Понатаму законот уредува дека откако одгледувачите на пчели ќе бидат известени за вршење на третирање на производи за заштита на растенијата кои се токсични за пчелите, истите се должни да ги прифатат општите мерки за заштита на пчелите. Ако одгледувачот на пчели открие дека се појавуваат мртви пчели како последица од користење на производот, треба да ја извести АХВ, која во соработка со Фитосанитарната управа треба да изведе локално истражување и ако има некои сомнежи за причините за смрт кои се поврзани со користењето на производот, треба да обезбеди примерок на пропишан начин за анализа од лабораторија и да достави информации за резултатите од истражувањата до одгледувачите на пчели.

Погоре наведените активности согласно законот[85], треба да бидат пропишани со донесување на подзаконски акт од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, кој до денот на вршење на ревизијата не е донесен. Ревизијата посочува дека во 2018 година, со Регулативата 2018/783 донесена од страна на Европската комисија, пропишано е производите кои содржат активна супстанција имидаклоприд да се применуваат само во затворен простор, а најдоцна до 19 септември 2018 година, Земјите членки на ЕУ требало да извршат измени или да ги повлечат постојните овластувања за производи за заштита на растенија кои содржат имидаклоприд како активна супстанција. И покрај тоа што РСМ не е членка на ЕУ, Фитосанитарната управа во септември и октомври 2019 година, извршила измена на одобренијата, со што постапила по наведената регулатива и употребата на производите кои содржат активната супстанција имидаклоприд ја ограничила само за култури во затворен простор.

- надзорот над спроведувањето на Законот за производи за заштита на растенијата е во надлежност на ДИЗ преку вработени државните инспектори за земјоделство и фитосанитарни инспектори, кои согласно законот може да изречат глоба во износ од 6 до 12 илјади евра во денарска противвредност на физички и правни лица ако употребуваат производи штетни за пчелите. Во периодот 2016, 2017 и 2018 година не се извршени инспекциски контроли за начинот на употребата на производите кои се означени за опасни за пчелите.

  Отсуството на подзаконски акт со кој ќе се пропише содржината на известувањето кои треба да го извршат физичките и правни лица кои вршат третирање на производите на отворено со производи кои се штетни за пчелите, општите мерки за заштита на пчелите и начинот на земањето на

[85] член 37 став 9 од Законот за производи за заштита на растенијата

примерок за анализа, го отежнува вршењето на инспекциски контроли за начинот на употребата на производите кои се означени за опасни за пчелите и создава ризик одобрувањето, пласирањето на пазарот и употребата на производите за заштита на растенијата и активните супстанции да имаат негативни последици врз пчеларството во РСМ .




Како позитивен пример за заштита на пчелите, светските организации ја поздравуваат одлуката на Република Франција која во мај 2019 година, покрај трите пестициди: клотианидин, имидаклоприд и тиаметоксан, целосно ги забранува и тиаклопридот и ацетамипридот, во сите земјоделски активности, вклучувајќи ги и оранжериите. Во таа насока, ја истакнуваме можноста и потребата за следење на примерот на некои членки на ЕУ, каде е воведена забрана на употреба на пестициди опасни за пчелата.

3.6. Основните начела за безбедност на храна и храна за животни, општите и посебните хигиенски барања за храната, организационите структури на системот на безбедност на храна и официјални контроли на храна и храна за животни, уредени се со Законот за безбедност на храна. Одредбите на овој закон се применуваат во сите фази на производство, преработка и дистрибуција на храна и храна за животни, освен на примарно производство на храна за домашна употреба или домашно подготвување, ракување или складирање на храна за приватно домашно консумирање.

Согласно законот лабораториска поддршка за потребите на АХВ треба да вршат национални референтни и овластени лаборатории согласно со посебните прописи од областа на безбедност на храна и здравството, ветеринарното здравство, здравјето на растенијата и земјоделството. За вршење на лабораториски испитувања за одделни активности во надлежност на АХВ, истата согласно законот треба да изврши назначување на горе наведените лаборатории.

До периодот на вршење на ревизијата од страна на АХВ не е извршен избор на националните референтни лаборатории, освен што во мај 2018 година, донесен е Правилник за условите кои треба да ги исполни националната референтна

лабораторија[86]. Исто така АХВ во презентираниот буџетски циркулар за 2019 година има предвидено средства за воспоставување на систем за Национални референтни лаборатории (тестови за оспособеност, обуки и надворешни експерти) во вкупен износ од 8.000 илјади денари кои треба да се искористат во период од три (3) последователни години. Во Буџетот на АХВ за 2019 година предвидениот износ на средства не е обезбеден.

Со цел реализација на активностите, АХВ спроведува постапки за јавни набавки на лабораториски услуги во делот на здравствена заштита на животните и на квалитетот и безбедноста на храната и склучува едногодишни договори. За извршувањето на лабораториските испитувања во периодот од 2016 до 2018 година, АХВ има склучено договори со Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, кој поседува Сертификат за акредитација на лабораторијата издаден од страна на Институтот за акредитација на РСМ.

Врз основа на побараните и добиените податоци од факултетот, утврдивме дека методите за испитување на болестите кај пчелите не се акредитирани, додека само дел од методите за безбедност и квалитет на медот се акредитирани, со коишто се вршат лабораториските анализи. Една од причините поради кои факултетот не врши акредитација на сите методи за испитување на болестите на пчелите и испитување на безбедноста и квалитетот на медот се високите трошоци за акредитација и одржување на акредитиран метод, што е економски неисплатливо со склучување на едногодишни договори, во кои услови на неизвесност од потребата за негово користење. Имено, склучувањето на едногодишни договори не даваат можност за континуирано планирање во однос на видот на методите кои ќе се користат, бројот на мостри и барани анализи. Поради наведеното, одговорните лица укажуваат на потребата од назначување на лаборатории за период од повеќе години, со цел обезбедување на економично одржување на листата со акредитирани методи.

Обезбедените податоци од Факултетот за ветеринарна медицина за број на извршени лабораториски испитувања за безбедност (присуство на резидуи и контаминенти и микробиологија на храна) и квалитетот на медот за период од 2016 до 2018 година се прикажани во графиконот подолу:

[86]„Службен весник на Република Македонија” број 185/18




*Бројот на лабораториските анализи на медот од аспект на безбедност и квалитет се однесува на анализите извршени на територијата на РСМ и при увоз на мед

Процентуалното учество на извршените лабораториски испитувања за безбедност и квалитет на медот за периодот од 2016 до 2018 година се прикажани во графиконот подолу:




*Бројот на лабораториските анализи на медот од аспект на безбедност и квалитет се однесува на анализите извршени на територијата на РСМ и при увоз на мед

Обезбедените податоци од ФВМ од извршените лабораториски испитувања за видот на болеста кај пчелата се прикажани во точка 3.3. од овој извештај.
Наведените состојби создаваат ризик при вршењето на лабораториски анализи за болеста на пчелите и безбедноста и квалитетот на медот да се реализира со методи кои не се акредитирани, со што не се обезбедува целосно постигнување на определените цели од Законот за безбедност на храната, особено обезбедување на високо ниво на заштита на здравјето на луѓето и интересите на потрошувачите во однос на храната, вклучувајќи храна со традиционални карактеристики, обезбедувајќи ефикасно функционирање на внатрешниот пазар, општите начела и одговорности и начинот за обезбедување на цврста научна основа.

Сакаме да истакнеме дека врз малиот број на извршени лабораториски испитувања за безбедност и квалитет на медот меѓу останатото, влијае и задоцнетото воспоставување на Регистарот на примарни производители на мед (што е детално наведено во точка број 1.5. од овој извештај). Со целосното воспоставувањето на наведениот регистар, ќе се намали ризикот од продажба на производи кои се декларираат како мед, а кои не ги исполнуваат основните критериуми од Правилникот за стандардите и начинот на одредување на квалитетот и начинот на пакување и означување на производите од пчели по однос на квалитетот[87] и на повисоко ниво ќе се подигне и безбедноста и квалитетот на овој земјоделски производ.

## IV. ЗАКЛУЧОК

Донесената законска, подзаконска регулатива, стратешки документи, во областите на земјоделството, сточарството, безбедноста на храна, ветеринарното здравство, ја уредува и дејноста пчеларството, за која постои потреба од континуирана реализација на утврдените стратешки мерки и политики и законски определените обврски на повеќе надлежни институции. Имајќи во предвид дека:

- не е извршено усогласување на податоците за бројот на пчелни семејства помеѓу надлежните институции;
- утврдивме отсуство на точни и прецизни податоци за планираните, програмски определените износи на средства со реализираните во текот на годината;
- високо е учеството на неподмирени обврски од претходни години во програмите;
- не се спроведени истражувања и анализи за негативното влијание на климатските промени врз пчеларството;
- не се врши континуирано следење на болестите на пчелата и нивно соодветно третирање и сузбивање и
- не се извршени инспекциски контроли во подолг временски период во одгледувалиштата на пчели од страна на официјалните ветеринари од АХВ и за начинот на употребата на производите кои се означени за опасни за пчелите, од страна на фитосанитарни инспектори од ДИЗ,

констатиравме потреба од зајакнување на активностите за координирано дејствување на надлежните институции, со активно вклучување на одгледувачите на пчели, со цел зголемување на ефективноста на мерките и политиките во насока на развој и напредок на пчеларството во РСМ, како значајна гранка од земјоделското производство и нејзино интензивирање на ниво на професионална дејност.

[87]„Службен весник на Република Македонија“ број 68/11 и 225/2018

# ПРЕПОРАКИ

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

1. Одговорните лица во МЗШВ во соработка со други надлежни институции да преземат мерки и активности за изработка и донесување на сите стратешки и други документи содржани во НСЗРР.

2. Одговорните лица во МЗШВ во соработка со останатите надлежни органи и институции да превземат мерки и активности за изработка и воспоставување на Катастар на пчелна паша и прогноза на медење во пчеларството, Правилник за користење на пашата, Програма за планско подобрување и проширување на пчелната паша со препорачани медоносни растенија во соодветниот регион.

3. Одговорните лица во МЗШВ да преземат мерки и активности со кои ќе се пристапи кон следење на начинот и динамиката на спроведувањето на стратешките цели определени во НСЗРР.

4. Одговорното лице на МЗШВ да донесе акт со кој ќе се уреди начинот на давање на земјоделското земјиште под закуп на пчеларите, начинот на плаќање и висината на закупот.

5. Членовите на работната група при МЗШВ, задолжена за изработка на нов Закон за сточарство, да ја преиспитаат сегашната законска регулатива со која пчелата е вклучена во рамките на добитокот, како и потребата од изработка и донесување на посебен Закон за пчеларство или донесување на подзаконски акт со што ќе се обезбеди:
   - издвојување на пчелата од останатиот добиток, земајќи ги предвид нејзините биолошки карактеристики и особености,
   - уредување на начинот на спроведување на стационарното и селидбеното пчеларење (со наведување на растојание на поставувањето на пчелното семејства во однос на друго пчелно семејство, друг објект, луѓе и друго),
   - уредување на начин на транспорт на пчелни семејства, начинот на користењето на земјиштето при селење, селење само на здрави пчели со докажување на нивната здравствена состојба) и друго;

6. Потсекторската постојана група за мед при МЗШВ да продолжи со започнатите активности за извршување на задачите за уредување на земјоделскиот пазар на мед, како и надминување и решавање на актуелните проблеми поврзани со пчеларството.

7. Одговорното лице на МЗШВ да преземе активности во насока на доследно почитување на законските одредби за задолжителна употреба на единствениот идентификациски број (ИДБР) во сите регистри формирани согласно со закон, како и донесување на подзаконски акт за уредување на начинот на поврзување и вршење размена податоци помеѓу воспоставените регистри и евиденции.

8. Одговорното лице на МЗШВ да преземе мерки и активности со кои во воспоставениот Регистар на откупувачи на мед ќе бидат содржани сите законски предвидени податоци кои недостасуваат (планирани количини за откуп на мед во тековната година, податоци за реализиран откуп за претходната година, како и податоци за цена и количина за мед кој се откупува согласно склучен договор за откуп);

9. Одговорното лице на МЗШВ да преземе активности за изработка и воспоставување на законски предвидениот Пазарно-информативен систем на производи од пчели.

10. Одговорното лице на МЗШВ, да преземе мерки и активности за спроведување на одредбите од Законот за производи за заштита на растенијата за:
- редовно објавување во Службен весник на РСМ на Листата на активни супстанци кои се одобрени за користење во производи што се применуваат за заштита на растенијата на територијата на европската унија (Листа Анекс 1) донесена од Европската комисија;
- донесување на подзаконски акт со кој ќе се пропише содржината на известувањето за потребите на физичките и правни лица кои вршат третирање на производите на отворено со производи кои се штетни за пчелите, општите мерки за заштита на пчелите и начинот на земањето на примерок за анализа.

11. Одговорното лице на МЗШВ да преземе мерки и активности за донесување на акт за видот на податоците, рокот и начинот на нивното доставување и собирање со кои располага АФПЗРР и кои треба во определен рок да ги достави до МЗШВ и Владата на РСМ, земајќи ги предвид отпочнатите активности на АФПЗРР со проектот „Прилагоден софтвер за интегриран систем за администрација и контрола за поддршка во земјоделството и руралниот развој.

12. МЗШВ во соработка со останатите надлежни државни институции (МЖСПП, АХВ, УХМР, УКИМ – ФВМ и ФЗНХ) да преземе мерки и активности за истражувања и вршење на сеопфатни анализи на состојбите поврзани со негативното влијание на климатските промени врз пчеларството, односно врз

медоносната пчела на ниво на РСМ, врз основа на кои би се изготвил акт со сите потребни активности, мерки и постапки за заштита на пчелата.

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

13. Надлежните органи во министерството:
- во соработка со останатите надлежните државни институции да превземат мерки и активности за изработка на стратегија за климатските промени, со земање предвид аспектот на заштитата на пчелата од истите;
- во постапката на изготвување на идниот предлогот на Националниот план за климатските промени да ги земат предвид и во истиот да ги вклучат влијанијата на климатските промени врз пчеларството и заштита на пчелите од истите.

**Агенција за храна и ветеринарство**

14. Одговорното лице на АХВ да продолжи со активностите за континуирана идентификација и регистрација на примарните производители во Регистарот на примарни производители на мед.

15. Одговорното лице во АХВ да преземе мерки и активности за:
- преиспитување и дополнување на одредбите од законот и правилникот за идентификација и регистрација во насока на пропишување на пообјективен начин на вршење попис на пчелни семејства,
- дополнување на законот и правилникот за идентификација и регистрација за уредување на начинот на нумеричко обележување на кошниците на пчелни семејства и начинот на нивна евиденција во ИСАХВ.

16. Одговорното лице на АХВ да преземе мерки и активности од страна на вработените официјалните ветеринари да се спроведуваат законски утврдените инспекциски контроли кај одгледувалиштата на пчели и реализација на донесениот годишен план за инспекциски контроли.

17. Одговорното лице во АХВ во соработка со одговорното лице во АФПЗРР да преземат активности за уредување на начинот на институционална соработка и размена на податоците за извршените контроли за бројот на пчелни семејства.

18. Одговорното лице на АХВ согласно Законот за идентификација и регистрација да донесе подзаконски акт со кој ќе го пропише начинот на извршување на инспекциската контрола и годишниот извештај од извршените контроли.

19. Одговорното лице на АХВ да преземе мерки и активности за:
- донесување на нов подзаконски акт за уредување на начинот на здравствената заштита на пчелите од одделни болести, усогласен со важечката законска регулатива, имајќи ја предвид објавената листа од Светската организација за здравствена заштита на животните и
- спроведување на Годишна наредба за здравствена заштита на животните во 2020 година во делот на извршување на клинички преглед на сите пчелни легла во пчеларникот во случај на сомнеж на вароза или ноземоза.

20. Одговорното лице на АХВ во соработка со Владата на РСМ да преземат мерки и активности за донесување на Програма за сузбивање на болеста Варооза.
21. Одговорното лице на АХВ да назначи национална референтна лабораторија која ќе врши лабораториски испитувања за потребите на АХВ од областа на здравствената заштита на животните, безбедноста на храна и ветеринарното јавно здравство.

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

22. АФПЗРР во соработка со Владата на РСМ и МЗШВ да преземат мерки и активности со кои во Годишната програма за финансиска поддршка во земјоделството ќе се изврши и тоа:

    - расчленување на збирниот вкупен износ на средствата за мерката поддршка за земјоделските стопанства - директни плаќања за сточарско производство на поединечни износи за секоја подмерка и
    - расчленување на збирниот вкупен износ, на пренесени обврски од претходни години по старосна структура и по мерки и подмерки.

23. Одговорното лице во АФПЗРР да превеземе мерки и активности за целосно искористување на предвидениот годишен буџет, преку редовно објавување на јавни повици за доделувања на финансиска поддршка за сите предвидени мерки за кои се обезбедени средства во Годишната програма за финансиска поддршка во руралниот развој.

24. Одговорното лице во АФПЗРР да превеземе мерки и активности за навремено донесување на решенијата за одобрување и исплата на финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој како и вршење навремена исплата на корисниците на кои истата им е одобрена.

**Државен завод за статистика**

25. Одговорното лице на ДЗС да преземе мерки и активности за:

- утврдување на причините за високите проценти на релативни грешка за бројот на пчелни семејства и надминување на истите,
- изработување на „биланс на пчелни семејства“.

**Управа за хидрометеоролошки работи**

26. Одговорното лице на УХМР да пристапи кон:

- усвојување на Правилникот за утврдување на мрежа и програма за работа на метеоролошките станици на територијата на РСМ,
- изработка и воспоставување на Климатски информативен систем и изработка на Климатографија-Климатски атлас и Агроклиматски атлас на РСМ.

27. Одговорното лице на УХМР во соработка на надлежните органи да продолжи со отпочнатите активности за техничко-технолошко опремување и модернизирање на капацитетите во системот за хидрометеоролошки мониторинг, климатски прогностички анализи и услуги за рано предупредување за временски непогоди, поплави и катастрофи.

**Државен инспекторат за земјоделство**

28. Одговорното лице на ДИЗ да преземе мерки и активности за:

- зајакнување на инспекциските контроли за откупот на мед и идентификување на не регистрираните откупувачи,
- отпочнување на вршење на законски определениот инспекциски надзор во делот на употребата на производи штетни за пчелите и
- продолжување со отпочнатите активности за извршување инспекциски контроли кај субјектите од Регистарот на АХВ за утврдување на фактичката состојба кај истите.

**Фитосанитарна управа**

29. Одговорното лице на управата, да преземе мерки и активности за изготвување на годишна Национална листа на одобрени производи и активни супстанции, да ја објавува во Службен весник на РСМ и да ја разменува, односно доставува до сите релевантни регионални и меѓународни институции.

Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP
Примено / Pranuar më: 25.02.2020
Орг. Един. / Nj. org. | Број / Nr. 10-219 | Прилог / Shtojcë 13 | Вредност / Vlera:

Бр. 02-356/2
24.02 2020 год

III Македонска бригада бр.20
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел. (02) 2 457 895
Факс: (02) 2 457 893
Е-пошта: info@fva.gov.mk
Сајт: www.fva.gov.mk

**До:**
**Државен завод за ревизија**

**Предмет:** Доставување на појаснувања по доставен Нацрт Извештај за извршена ревизија на успешност

**Врска:** Ваш допис број 10-219/10 од 31.01.2020 година

Почитувани,

Сакаме да ве известиме дека со внимание го разгледавме Нацрт извештајот за извршена ревизија на успешност „Мерки, политики и проекти за заштита и унапредување на пчеларството во Република Северна Македонија“, доставен од ваша страна со број 10-219/10 од 31.01.2020 година.

Во однос на содржината и констатираните состојби кои се составен дел од извештајот, ви ги доставуваме следните појаснувања, забелешки и образложенија по одредени точки и страни од извештајот и тоа:

На **страна 28**, четвртиот став каде е констатирано дека процесот на идентификација и регистрација на примарните производители на мед не е завршен и сеуште е во тек и **страна 60 точка 14** каде се препорачува одговорното лице на АХВ да продолжи со отпочнатите активности за идентификација и регистрација на примарните производители во Регистарот на примарни производители на мед, сакаме да појасниме дека ова постапка се спроведува континуирано и тековно по поднесени барања за евидентирање на примарните производители со мед како и на одобрени оператори и објекти за производство, обработка и манипулација со мед. До овој момент сите поднесени барања се обработени и истите се евидентирани во регистарот како примарни производители со мед. Што значи потребната база на податоци за примарни производители е уредно воспоставена и континуирано се спроведува.

Воедно ви ги посочуваме Веб страната на АХВ и **Правилникот за барањата за условите и хигиена за производство и ставање во промет на храната од животинско потекло наменета за директно снабдување, локализирана активност, во географски или економски ограничувања, како и општите и посебните барања за примена на традиционални методи на производство, преработка и дистрибуција на храна со традиционални**

**карактеристики..(Службен весник на Република Северна Македонија бр.144/19)** каде е уредена постапката и условите на евидентирање на примарните производители на мед во земјата, според кој Агенцијата постапува и по добиените барање е постапено согласно пропишаното.

Сакаме да појасниме дека постои разлика помеѓу податоците кои се однесуваат на регистрирани одгледувалишта на мед и податоците на регистрирани примарните производители на мед.

На **страна** 29 констатацијата од ставот два дека не е постапено по законски определената обврска за донесување на подзаконски акт за начинот на поврзување и размена на податоци помеѓу воспоставените регистри и евиденции за примарни производители на мед помеѓу МЗШВ И АХВ, сакаме да посочиме дека согласно законската обврска подготвени се регистарот на примарни производители на мед, како и регистарот на одобрени оператори и објекти за производство, обработка и манипулација со мед во АХВ и истите се транспарентни односно објавени на веб страната на АХВ од каде може во секој момент да се следат и анализираат и споредуваат обработените податоците за примарните производители на мед и да се преземаат активности за нивно усогласување. **(Веб страна на АХВ)**

Забелешката констатирана од ваша страна на страна **30 и 31, точка 1.6 и препораката** 15 од страна 60, каде ревизијата посочува дека вршењето на попис и правилниокот за идентификација и регистрација не се во согласност со законските и подзаконските акти со кои е уреден начинот на вршење на попис и дадените препораки за преиспитување на законот и правилникот за идентификација и регистрација на пчелите, сакаме да укажиме дека пописот на животни се врши согласно законската и подзаконската регулатива во однос на идентификација и регистрација на пчелите која во во целост е превземена и усогласени со европската регулатива и АХВ постапува по истите во согласност со расположивете човечки ресурси.

Во однос на забелешката **од страна 35 став два** каде од ваша страна се утврдени состојби дека АХВ нема донесено подзаконски акт за содржината и формата на записникот за инспекциска контрола и дека во периодот од 2016 до 2018 година планирани се околку 2.400 инспекциски контроли кај одгледувалиштата на пчели, но истите не се спроведени, ви посочуваме дека во претходен период за инспекциска контрола кај пчелите се применуваше образец на записник кој се применуваше при спроведување на инспекциска контрола, а со новиот Закон за инспекциски надзор кој стапи во сила од ноември 2019 година прецизно е пропишана формата и содржината на записникот за инспекциска контрола. Во однос на планирани а не спроведени инспекциски контроли кај одгледувалиштата

на пчели сакаме да укажеме дека во наведениот период се појави болеста јазлеста кожа кај говедата, поплави со угинати животни, појава на авијарна инфлуенца (птичји грип) при што во наведениот период настана неопходна потреба од зајакнати и неодложни контроли и насочување на расположивите инспекциски служби на контрола кај говедата, останати угинати животни со поплавите и перната живина од каде беа проценети високи финансиски импликации по настанатите состојби што се очекуваа во буџетите во наведениот период. Имајќи ги во предвид насатанатите ат хок состојби на констатирани болести и неопходните приоритети за спроведување на инспекциски надзор и ограничените кадровски капацитети на исппекциските служби, во АХВ останаа не спроведени планираните контроли кај одгледувалиштата на пчели во наведениот период.

По забелешката на **страна 36** став еден - Не спроведените контроли на одгледувалиштата на пчели од страна на официјалчните ветеринари вработени во АХВ како и не постоење на законска обврска за размена на податоци помеѓу АФПЗРР и АХВ за утврдените разлики во бројот на констатирани пчелни семејства при контрола на самото место, имаат влијание на неможност од потврдување на точноста и веродостојноста на податоците со кои располага АХВ, а кои се еден од основите за исплаќање на финансиска поддршка на одгледувачите на пчели во надлежност на АФПЗРР, тука сакаме да ви укажиме дека помеѓу АХВ и АФПЗРР постои меморандумот на соработка и според него по внесувањето на податоците за бројот на пчелни семејстава од страна на ветеринарните друштва во електронскиот систем на АХВ истите се проследуваат до АФПЗРР од страна на овластено лице за пренос односно проследување на податоците од електронската база на податоци на АХВ. (Меморандум за соработка помеѓу АХВ и АФПЗРР)

По забелешката во **точка 3.3 страна 48, страна 57 алинеа 5 и точка 19 и 20 страна 60 и 61,** каде е посочено дека не донесен нов правилник за мерки за сузбивање и искоренување на заразни болести на пчелите со кој континуирано ќе се следат состојбите на светско ниво има за ефект постоење ризик од појава и ширење на болести на пчелата во нашата земја. Овде сакаме да ве известиме дека во тек е донесување на Програма за контрола и сузбивање на Варозата односно во фаза на одобрување, а со Годишните наредби со години наназад врз основа на проценка на ризик од појава на одредени болести е регулирана контролата на наведената болест. Воедно во Годишната наредба за 2020 година покрај контрола на Американски гнилеж на пчелно легло воведена е и контрола на болестите Варооза и Ноземоза што значат како мерки и активности за соодветно дејствување во случај на појава на истите. Исто така сакаме да ве известиме дека со новата програма ќе се воспостави систематски пристап за следење на болестите кај пчелите и овозможување на нивно ефективно третирање и спречување на ширење на болести што претходно се постапувуваше по пријава на сопственикот на одгледувалиштето на пчели.

(Годишна наредба објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија “ број 47 од 2020 година)

Во однос на забелешката во **точка 3.6, страна 54** каде е посочена регулативата според која за вршење на лабораториски испитувања за одделени активности во надлежност на АХВ треба да вршат национални референтни и овластени лаборатории, сакаме да посочиме дека поради ограниченоста на буџетските средства за нивно назначување со потребата од континуирано обезбедување на значителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија за нивно непречено функционално работење на наведените лаборатории што во претходен период реално не постоеја стандардни финансики услови за нивно реализирање, Агенцијата своите активности ги спроведуваше и ги спроведува преку постапки за јавни набавки на лабораториски услуги во делот на здарвствената заштита на живоптните и на квалитетот и безбедноста на храна со склучување на едногодишни договори. Тука сакаме да нагласиме дека со склучување на договорите со лабораториите се опфатени сите потребни анализи и методи и доколку одредена метода не е акредитерина кај лабораторијата со која е склучен договорот, во самиот договор е регулирано самата лабораторија да ја обезбеди бараната анализа со бараните акредитирани методи преку нивна соработка со соодветно акредитирани лаборатории и надвор од земјата. (Склучен договор со лабораторија)

Со почит,

**Заменик директор,**
**Фирус Мемед**

ДОСТАВЕНО ДО:
- АРХ
-ДЗР

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност на тема „Мерки, политики и проекти за заштита и унапредување на пчеларството во Република Северна Македонија„ и тоа:

- Забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија на успешност, број 02-995/2 од 14.02.2020 година од Насер Нуредини, раководно лице на Министерството за животна средина и просторно планирање, заведени во Државниот завод за ревизија под број 09-358/1 од 25.02.2020 година;
- Забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија на успешност, број 02-356/2 од 24.02.2020 година, од Фирус Мемед, заменик на раководното лице на Агенција за храна и ветеринарство, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-219/13 од 25.02.2020 година;
- Забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија на успешност, број 32-802/2 од 25.02.2020 година, од Николче Бабовски, раководно лице на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-219/14 од 26.02.2020 година;
- Забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија на успешност, број 09-268/2 од 24.02.2020 година, од Проф. д-р Зоран Шапуриќ, вршител на должност, раководно лице на Државен инспекторат за земјоделство, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-219/15 од 03.03.2020 година.

Забелешките добиени од **Министерството за животна средина и просторно планирање** разгледани се од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Доставената забелешка на дадената **препорака под реден број 13 (поврзана со точка 3.1.),** која се однесува на тоа надлежните органи во министерството да превземат мерки и активности за реализација на проектот за кој се предвидени финансиски средства во рамките на инструментот на ЕУ за финансирање на претпристапна помош односно изработка на закон и стратегија за климатските промени, со земање предвид на заштита на пчелата од истите, претставува **известување** за активностите кои министерството ќе ги преземе во иден период. Имено од причина што во рамки на наведениот проект не е регулиран аспектот на заштита на пчелата, активностите на адаптација на најранливите сектори кон влијанијата на климатските промени ќе бидат предмет на идниот Национален план за адаптација. Земајќи го предвид наведеното, како и надлежностите кои ги има министерството во креирањето на политиките за климатските промени во РСМ и е предлагач на Националниот план за климатските промени кој го донесува Владата на РСМ,

дадената препорака соодветно ќе биде прилагодена во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

Забелешките добиени од **Агенција за храна и ветеринарство** разгледани се од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 1.5. алинеа 1 став 5** на дел од реченицата дека *„... процесот на идентификација и регистрација на примарните производители на мед не е завршен и сеуште е во тек...“* и на **точката 14** за дадената препорака, одговорното лице на АХВ да продолжи со отпочнатите активностите за идентификација и регистрација на примарните производители во Регистарот на примарни производители на мед, **се прифаќа** и тоа во делот на ефектот. Имено, овластениот државен ревизор констатира дека истиот е воспоставен, но со закаснување од неколку години. Следствено, наведениот дел од реченицата, во делот на ефектот, како и препораката, соодветно ќе се прилагодат во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.
   Истакнуваме дека останатите образложенија содржани во забелешката, беа земени во предвид во текот на вршење на ревизијата.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 1.5. алинеа 2 став 2** која се однесува на не постапување по законски определената обврска за донесување на подзаконски акт за начинот на поврзување и размена на податоци помеѓу воспоставените регистри и евиденции, односно воспоставениот Единствен регистар на земјоделски стопанства во МЗШВ и Регистарот на примарни производители во АХВ меѓусебно не се поврзани, **претставува известување** за достапноста на регистрите воспоставени од АХВ на нејзината веб страна. Наведеното беше познато и земено предвид од страна на ревизијата, со што утврдената состојба во однос со потребата од донесување на погоре наведениот акт не се оспорува и истата се потврдува.

3. Доставената забелешка на констатираната состојба на **точката 1.6., алинеја 1** која се однесува на неусогласеност на одредбите за вршење попис содржани во законот и правилникот за идентификација и регистрација на пчелите, со одредбите на законските и подзаконските акти со кои е уреден начинот на вршење попис, според кои лицето директно поврзано со предметот на попис, не треба да е вклучено во вршењето на пописот на пчелните семејства, претставува **известување** со наведување на причините поради кои пописот на пчелните семејства е уреден и се врши на наведениот начин. Имено и овластениот државен ревизор токму укажува дека начинот на кој се врши пописот потребно е да биде дел од законската регулатива која го регулира вршењето на пописот и **препораката број 15, алинеја 1** се однесува на

преиспитување и дополнување на одредбите од законот и правилникот за идентификација и регистрација во насока на пропишување на пообјективен начин на вршење попис на пчелни семејства.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 1.7., алинеја 1 и 2** која се однесуваат на не донесен подзаконски акт за содржината и формата на записникот за инспекциска контрола, начинот на извршување на инспекциската контрола и не спроведените планирани инспекциски контроли кај одгледувалишта на пчели, **претставува образложување** за причините за утврдените состојби, кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата и истите соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на овластениот ревизор, а препораката соодветно прилагодена.

5. Забелешката на констатираните состојби во **точката 1.7.**, **став 8** која се однесуваат на, не спроведените контроли на одгледувалиштата на пчели од страна на официјалните ветеринари вработени во АХВ како и не постоење законска обврска за размена на податоци помеѓу АФПЗРР и АХВ за утврдените разлики во бројот на констатирани пчелни семејства при контрола на самото место, имаат влијание на неможност од потврдување на точноста и веродостојноста на податоците со кои располага АХВ, а кои се еден од основите за исплаќање на финансиска поддршка на одгледувачите на пчели во надлежност на АФПЗРР, **не претставува забелешка.** Имено се наведува склучениот меморандум за соработка помеѓу АХВ и АФПЗРР и начинот на кој помеѓу себе институциите ги проследуваат податоците за бројот на пчелни семејства, која состојба ревизијата ја имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата.

6. Забелешката на констатираните состојби во **точката 3.3. дел од став 5, алинеја 5 од заклучокот и на препораките број 19 и 20,** кои се однесуваат на не донесувањето на нов правилник за мерките за сузбивање и искоренување на заразните болести на пчелите, потребата од континуирано следење на болестите, како и потребата одговорното лице на АХВ да преземе мерки и активности за донесување на нов подзаконски акт за уредување на начинот на здравствената заштита на пчелите од одделни болести, донесување на Програма за сузбивање на болеста Варооза, **претставува известување** за активностите кои се превземаат од страна на АХВ за надминување на состојбите. Имено се наведува дека е во тек донесувањето на Програма за контрола и сузбивање на Варооза, без доставување на акти во прилог на забелешките како доказ на отпочнатите активности за негово донесување. Во однос на наведената Годишна наредба за здравствена заштита на животните

во 2020 година, објавена во Службен весник на Република Северна Македониј број 47 од 19.02.2020 година, по извршениот увид во истата, ревизијата утврди дека содржано е извршување на клинички преглед на сите пчелни легла во пчеларникот во случај на сомнеж на Вароза или Ноземоза, што соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај, а дадената препорака соодветно прилагодена и дополнета.

7. Забелешката на констатираната состојба **во точката 3.6., став 3** која се однесува на не постапување по законската обврска за назначување на национална референтна лабораторија која ќе врши лабораториски испитувања за потребите на АХВ од обласа на здравствената заштита на животните, безбедноста на храна и ветеринарното јавно здравство **претставува известување** за причините за утврдените состојби кои се наведени во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизот. Имено ревизијата истакнува, дека АХВ во презентираниот буџетски циркулар за 2019 година има предвидено средства за воспоставување на систем за Национални референтни лаборатории, но во Буџетот на АХВ за 2019 година предвидениот износ на средства не е обезбеден. Во однос на постапките за јавни набавки и склучените договори со лаболаториите презентираните состојби, ревизијата ги имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата.

Забелешките добиени од **Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој** разгледани се од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба **во точката 2.1., став 4** која се однесува на не доставување податоци за реализираните средства по мерките од Годишната програма за финансиска поддршка во земјоделството и Годишната програма за руралниот развој, до МЗШВ на секои три месеци и до Владата еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година и не донесениот подзаконски акт од страна на МЗШВ со кој ќе се утврди видот на податоците, начинот на нивното собирање и доставување, **претставува образложение** на начинот на кој АФПЗРР ги информира МЗШВ и Владата за реализираните активности. Имено, АФПЗРР согласно член 14 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој доставува до Владата полугодишни и годишни извештаи само за реализацијата на Годишната програма за финансиска поддршка во земјоделството, додека согласно Законот за земјоделство и рурален развој обврската се однесува за двете програми, која состојба ќе биде соодветно обелоденета во Конечниот

извештај на овластениот државен ревизор. Начинот на доставување податоци по барање и за потребите на МЗШВ, како и пристапот на МЗШВ до потребните информации и податоци со воспоставувањето на новиот ИСАК (интегриран систем за административна контрола), е елаборирани во точка 2.1. став 6 и 7 во извештајот на овластениот државен ревизор.

2. Забелешката на констатираната состојба **во точката 2.1., дел Годишна програма за финансиска поддршка во земјоделството став 3 алинеја 3** која се однесува на непочитување од страна на АФПЗРР на рокот за исплата на директните плаќања, како и не почитување на рокот за изготвување на решенијата за исплата на средствата наменети за директните плаќања, **претставува образложување** на причините за задоцнетото издавање на решенијата, кои се познати на ревизијата и се соодветно наведени во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 2.1. дел Годишна програма за финансиска поддршка на руралниот развој став 3 алинеја 1 и алинеја 2** која се однесува на донесување на решенијата за одобрување на финансиска поддршка и вршење исплата на финансиска поддршка по Годишната програма за финансиска поддршка во руралниот развој, после истекот на законски предвидените рокови, **претставува известување** за причините кои придонеле за утврдената состојба и кои ревизијата ги имаше земено предвид во текот на вршење на ревизијата.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 2.1. дел Годишна програма за финансиска поддршка на руралниот развој став 4** која се однесува на необјавувањето на јавни повици за прибирање на барања за доделување на финансиска поддршка за пчеларството согласно предвидените мерки во донесените Годишни програми за финансиска поддршка во руралниот развој за 2017 и за 2018 година, **не се прифаќа** поради не доставени дополнителни докази во прилог на забелешките. Имено, во забелешката, како причина за необјавување на јавни повици, е наведен текст на име „Наод од системската ревизија за верификација на ефикасното и ефективното функционирање на системите за управување контрола и надзор, број 5.1.-ТУ-Ц/Р-17 од 30 март 2018 година„, спроведена од Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош за спроведување на ИПАРД програмата 2014-2020, во кој е наведено ...... „*дел од мерките предвидени со националните програми се преклопуваат со мерки од други програми....*“. Во прилог на забелешките не е доставен ревизорскиот извештај, поради што ревизијата не може да утврди кој е субјектот/субјектите предмет на системската ревизија, односно потврдување дека наведената причина за

необјавувањето на јавни повици за прибирање на барања за доделување на финансиска поддршка се оправдани, како и преземените мерки и активности во 2019 година за надминување на состојбата.

Забелешките добиени од **Државен инспекторат за земјоделство** разгледани се од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојбата во **точката 1.5. став 5** која се однесуваат на тоа дека ДИЗ, како надлежен орган за надзор над откупот на земјоделските призводи, со спроведените инспекциски контроли во периодот од 2016 до 2018 година ги опфатил само откупувачите на мед регистрирани во МЗШВ, а не и правните лица регистрирани во Регистарот на АХВ, **претставува известување** за преземените активности за надминување на утврдената состојба. Имено во забелешките наведен е актот за отпочнување на вршење инспекциски надзори кај субјектите од Регистарот на АХВ, како и конкретно утврдената фактичка состојба кај четрнаесет субјекти, распоредени во шест групи, согласно состојбите утврдени со надзорот. За податоците содржани во забелешките, во прилог на истите не е доставена поткрепувачка докуменација за отпочнувањето и спроведувањето на надзорот. Наведеното, соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор, а дадените препораки соодветно прилагодени.